МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ – БИТОЛА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ФАКУЛТЕТ ЗА ПСИХОЛОГИЈА
СТУДИСКА ПРОГРАМА: КЛИНИЧКА И СОВЕТОДАВНА ПСИХОЛОГИЈА

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

ВЛИЈАНИЕТО НА РЕЛИГИЈАТА ВРЗ МЕНТАЛНОТО ЗДРАВЈЕ И КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТОТ КАЈ АДОЛЕСЦЕНТИТЕ

СТУДЕНТ: **ВИЛМА МЕТОДИЕВА**
БРОЈ НА ИНДЕКС: **213019**
МЕНТОР: **ПРОФ. Д-Р ВАНГЕЛИЦА ГАВРИЛОВА**

Свети Николе, февруари, 2023

Посветено на мојот тако ,кој не е повеќе меѓу нас, но низ животот ме научи и ми покажа дека вистинската духовност носи мир, среќа, задоволство и дава топлина, љубов и чувство на припадност. Преку сето ова, тој е секогаш со мене! Имајќи го ова, го имам и Него!

Благодарам!

Особена благодарност изразувам на мојата менторка, проф. д-р Вангелица Гаврилова, со која ми беше особена чест и задоволство да работам. Благодарност и до проф.д-р Зорица Кубурић , која со своето огромно познавање како истражувач од областа на религијата, несебично ми помогна посебно во истражувачкиот дел. Благодарност изразувам и до мојата драга проф. д-р Ѓоргина Ќимова, која ми даде безрезервна емотивна и морална поддршка да продолжам во реализација на мојата замисла за овој труд. Благодарност до моето семејство за разбирањето и трпението кое го имаа за мене (благодарам Амелија, Стела и Клара), посебно за мојот сопруг Драгослав, без чија поддршка и помош околу семејството и децата, немаше да бидам тука каде што сум.

СОДРЖИНА

Апстракт 6

Abstract 7

Абстрактный 8

ВОВЕД 9

ДЕЛ I. ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ 11

1. АДОЛЕСЦЕНЦИЈА И ПРОБЛЕМИ ВО АДОЛЕСЦЕНЦИЈАТА 11

1.1. Адолесценција 11

1.2. Адолесцентни проблеми 12

1.3. Идентитет 13

2. РАЛИГИЈАТА И СФАЌАЊЕТО ЗА МОРАЛНИТЕ ВРЕДНОСТИ 14

2.1. Религија 14

2.2. Сфаќање и задачи на религијата 18

2.3. Дефинирање на религијата 19

2.4. Моралот и религијата 21

3. ЛИЧНОСТА И НЕЈЗИНИТЕ КАРАКТЕРНИ ОСОБИНИ 24

3.1. Личност 24

3.2. Карактер 25

3.3. Темперамент 27

3.4. Видови на темперамент 27

4. МОРАЛОТ И МОРАЛНИТЕ ОСОБИНИ НА ЛИЧНОСТА 29

4.1. Морал 29

4.2. Морално расудување 31

4.3. Морална зрелост 33

4.4. Морален развој 34

5. ВАЖНОСТА НА МЕНТАЛНОТО ЗДРАВЈЕ КАЈ АДОЛЕСЦЕНТИТЕ 38

5.1. Ментално здравје 38

5.2. Ментално здравје кај адолесцентите 38

6. ЗАДОВОЛСТВОТО ОД ЖИВОТОТ КАКО ВАЖЕН УСЛОВ ЗА ПОДОБРО МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ 50

6.1. Задоволство од животот 50

6.3. Семејни односи и семејна структура 54

6.4. Квалитетот на односите, значајна поддршка и вредности 54

6.5. Смислена инструментална активност 55

7. КЛУЧНИ АСЕПЕКТИ НА ЗДРАВИОТ НАЧИН НА ЖИВОТ 56

7.1. Злоупотреба на супстанции 56

7.2. Исхрана и дебелина 58

7.3. Позитивни психолошки интервенции и јаки карактерни страни 58

ДЕЛ II. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ 60

1. ПРОБЛЕМ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 60

2. ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 61

2.1. Научна цел на истражувањето 61

2.2. Практична цел на истражувањето 62

3. РЕЗУЛТАТИ ОД ПРЕТХОДНИ ИСТРАЖУВАЊА 62

4. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 64

4.1. Теоретско определување на предметот на истражување 65

4.1.1. Дефинирање на клучните поими 65

4.1.2. Операционално определување на предметот на истражување 68

5. ХИПОТЕТСКА РАМКА 69

5.1. Формулација на општа хипотеза 69

5.2. Формулација на посебни хипотези 69

6. ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 70

7. МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 70

7.1. Техники за обработка на податоци 72

8. ПОПУЛАЦИЈА И ПРИМЕРОК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 72

9. ОРГАНИЗАЦИЈА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 73

ДЕЛ III. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ДОБИЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО 74

1. ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ 74

2. РЕЗУЛТАТИ И АНАЛИЗА 76

2.1. Наоди од дескриптивна статистика 76

2.2. Наоди од тестирањето на хипотезите 80

ДЕЛ IV. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА 92

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 99

ПРИЛОГ – ИНСТРУМЕНТИ 109

ПРИЛОГ - ФОРМУЛАР ЗА ИНФОРМИРАНА СОГЛАСНОСТ 116

Апстракт

Целта на ова истражување е да се истражи како религијата влијае врз развивањето на емоциите и нејзиното влијание врз регулација на емоционалната состојба на човекот. Со адекватната употреба на методолошкиот пристап, ќе можат да се добијат податоци за предметот на истражување, појавите, процесите, ставовите и заклучоците, кои се решавачки за исполнување на целта на овој труд.

Примерокот се состоеше од една група испитаници (вкупно 75), кои се ученици во основно и средно образование, адолесценти, а од нив 53 се од женски пол и 22 од машки пол, на возраст од 13 до 19 години.

Најважните резултати од ова истражување се однесуваат на податоците во однос на влијанието на религијата врз менталното здравје и квалитетот на животот кај адолесцентите. Во ова истражување се обидовме да испитаме дали адолесцентите кои се религиозни полесно го формираат својот морален идентитет, за разлика од оние кои не се религиозни. Од вака поставениот проблем произлегоа и целите, кои се однесуваа на тоа да се утврди поврзаноста или неповрзаноста на религијата врз моралните вредности на адолесцентот; да се намали недоличното однесување кај адолесцентите со помош на моралните вредности; да се намали степенот на депресија кај адолесцентите преку самоспознавање и пронаоѓање на смислата на постоењето; како и да се унапреди менталното здравје кај адолесцентите, во смисла на поквалитетен и поисполнет живот со превенција на штетните и деструктивни навики, како што се: пушењето, пиењето алкохол и употребата на наркотични средства кои би можеле да доведат до вознемирувачко искуство (анксиозност).

Во ова истражување не е откриена висока статистички значајна поврзаност на религијата со менталното здравје и квалитетот на животот кај адолесцентите, иако може да се каже дека адолесцентите кои се религиозни полесно го формираат својот морален идентитет од тие кои не се религиозни.

Клучни зборови: адолесцентни, религија, ментално здравје, квалитет на живот.

Abstract

The purpose of this research is to investigate how music influences the development of emotions and its influence of music on the regulation of a person's emotional state. With the adequate use of the methodological approach, it will be possible to obtain data on the subject of research, phenomena, processes, attitudes and conclusions, which are decisive for fulfilling the purpose of this paper.

The sample consisted of one group of respondents (75 in total), who are students in primary and secondary education, adolescents, and of them 53 are female and 22 are male, aged from 13 to 19 years.

The most important results of this research refer to the data regarding the influence of religion on mental health and quality of life among adolescents. In this research, we tried to examine whether adolescents who are religious form their moral identity more easily, in contrast to those who are not religious. From the problem posed in this way, the goals arose, which were related to determining the connection or disconnection of religion on the adolescent's moral values; to reduce misbehavior among adolescents with the help of moral values; to reduce the degree of depression among adolescents through self-knowledge and finding the meaning of existence; as well as to improve the mental health of adolescents in terms of a better quality and more fulfilling life by preventing harmful and destructive habits such as smoking, drinking alcohol and the use of narcotic drugs that could lead to a disturbing experience (anxiety).

This research did not reveal a high statistically significant association of religion with mental health and quality of life among adolescents, although it can be said that adolescents who are religious form their moral identity more easily than those who are not religious.

Key words: adolescent, religion, mental health, quality of life.

Абстрактный

Целью данного исследования является изучение того, как музыка влияет на развитие эмоций и влияние музыки на регуляцию эмоционального состояния человека. При адекватном использовании методологического подхода можно будет получить данные о предмете исследования, явлениях, процессах, установках и выводах, которые имеют решающее значение для выполнения цели настоящей работы.

Выборка состояла из одной группы респондентов (всего 75 человек), учащихся начальных и средних учебных заведений, подростков, из них 53 девушки и 22 юноши в возрасте от 13 до 19 лет.

Наиболее важные результаты этого исследования относятся к данным о влиянии религии на психическое здоровье и качество жизни подростков. В данном исследовании мы попытались выяснить, легче ли религиозным подросткам формировать свою моральную идентичность по сравнению с нерелигиозными. Из поставленной таким образом проблемы возникли цели, которые были связаны с определением связи или разъединения религии на нравственных ценностях подростка; снизить девиантное поведение среди подростков с помощью нравственных ценностей; снизить степень депрессии у подростков через самопознание и поиск смысла существования; а также для улучшения психического здоровья подростков с точки зрения более качественной и более полноценной жизни путем предотвращения вредных и деструктивных привычек, таких как курение, употребление алкоголя и наркотических средств, которые могут привести к тревожным переживаниям (беспокойству).

Данное исследование не выявило высокой статистически значимой связи религии с психическим здоровьем и качеством жизни подростков, хотя можно сказать, что религиозные подростки легче формируют свою нравственную идентичность, чем нерелигиозные.

Ключевые слова: подросток, религия, психическое здоровье, качество жизни.

ВОВЕД

Формирањето на здрава, односно зрела личност кај адолесцентот е од огромно значење за здраво општество. Токму периодот на адолесценција е пресудниот во формирањето на истата. Во овој период адолесцентите се активни истражувачи на светот и околината околу себе и активно го бараат своето место во него. Прашањата: Кој сум јас? Зошто постојам? Каде и кое е моето место во светов? - се основните прашања преку чии одговори адолесцентот го бара својот пат во процесот на формирањето на својот идентитет. На тој пат адолесцентот не е сам. Мноштво на фактори влијаат врз одговорите на тие прашања, како што се: семејството, врсниците околината, но многу големо влијание има и религијата. Зошто? Затоа што токму преку неа или во неа адолесцентот би можел да најде одговор на прашањата кои го обземаат.

Кога се зборува за религијата, се мисли на нешто многу подлабоко или она што за некој е мистично, повисоко, непознато, друга димензија од постоечката, од веќе познатата, а сепак има огромен импакт врз тоа кои сме и зошто сме. Ова би била едната димензија, таа подалечната, апстрактната која би ни го дала одговорот на смислата на нашето постоење, а другата би била поконретна и би ни го оправдала квалитетот на нашето постоење.

Споменатото, би значело какви односи воспоставуваме едни со други, каков однос имаме со авторитетите, со членовите на семејството, пријателите, врсниците, со партнерите во иднина, зошто токму односите со другите се тие кои се одраз на идентитетот на адолесцентот. Сето ова е всушност дел од менталното здравје на адолесцентот.

Овде е важно да се стави акцент на квалитетот на животот, односно моралноста на живеењето на адолесцентот или неговите животни навики, како пушењето, пиењето алкохол, дрогирањето, сексуалноста. Токму тука влијанието на религијата е огромно и тоа е она што е истражувано и емпириски потврдено во истражувањето во магистерскиот труд, и секако на таа одредена популација ако има можност да се влијае со добиените

резултати за да се намалат или избегнат негативните последици од нездравите навики, тоа како куратива, односно унапредување на менталното здравје, но секако позначајно и како превентива од разорувачките ефекти на неморалноста врз адолесцентите, а подоцна и возрасните и како крајна цел врз општеството како целина.

Во трудот, кога станува збор за религиозноста, се мисли на интринзичната или внатрешна религиозност која е цел самата за себе. Во трудот се претставени најосновните елементи на социолошкиот пристап кон феноменот на религијата, пред сѐ, предностите и недостатоците на двете основни дефиниции за религијата, суштински и функционални, кои настојуваат да одговорат на прашањето што е религија и зошто ограничувањата на одредени пристапи се надминуваат во истражувањето со мерење на различни димензии на религијата (верување, алтернативно верување, религиозност во потесна смисла, црковност, јавна улога на црквата, последователни димензии на религијата). Доминантните теоретските пристапи, од своја страна, го покажуваат предизвикот за разбирање на променливите општествени односи и улогата на религијата во овие процеси.

Основната дилема е дали секуларистичките или ревитализаричките трендови се на дело, но денес постојат голем број теории кои ја прифаќаат секуларизацијата како доминантен структурен тренд, но не мислат дека оваа теорија може да објасни голем број други димензии и улоги на религијата во светот. Други, исто интересни теориски правци, укажуваат на континуираната (ре)(де)конструкција во значењата и улогите на религиите од различни општествени групи, односно дека религијата останува важен и основен извор на значењето (смислата) и идентитетот.

ДЕЛ I. ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

1. АДОЛЕСЦЕНЦИЈА И ПРОБЛЕМИ ВО АДОЛЕСЦЕНЦИЈАТА

1.1. Адолесценција

Адолесценција е збор што доаѓа од латинскиот глагол *adolescere,* што значи да растеш, да созреваш. Тоа е период кој е вметнат помеѓу детството и зрелоста и претставува процес на прераснување во општествениот живот на возрасните.[1]

Адолесценцијата и пубертетот се два процеса. Пубертет е анатомско-физиолошки (биолошки) настан, додека адолесценцијата е повеќе психосоцијална (психолошка) појава. Тоа е периодот од животот кога растот добива нов поттик, кога во организмот се случуваат длабоки соматски промени кои ќе го „преобразат“ детето во возрасен. Тој процес на созревање трае во просек од 5 до 10 години.[2] Промените кои се јавуваат во овој период ја преиспитуваат сликата која секој ја има за себе. Под влијание на хормоналната активност, изгледот се менува одеднаш. Промените настануваат нагло и се големи. Адолесцентот често го поминува времето пред огледало, прашувајќи се дали е убав, грд, несмасен итн.

Својата слика за себе ја рефлектира од огледалото, но многу повеќе од очите на другите, кои во тој период се многу важни за него. Адолесценцијата станува омилена возраст, толку побрзо ќе ја достигнете и толку подолго ќе останете таму.[3]

[1] Žlebnik L. (1972). Psihologija deteta i mladih, III deo, adolescencija — mladost, DELTA-PRES
[2] Nikolić S.(1988). Mentalni poremećaj u djece i omladine,Školska knjiga Zagreb
[3] Štajner-Popovič, T, Rakič V. (1987). Psihodinamika osečajnog života adolescenata u funkciji kulture — dileme za praksu, »Psihijatrija danas« br.4, Beograd.

Возрасните граници на започнувањето и траењето на адолесценцијата претставуваат теоретски проблем во чие решавање најмногу помагаат процесите на созревање, личното сфаќање на истите, како и културните и општествените стандарди и очекувања. Според ова, во различни културно-општествени средини различно се определуваат стартните и завршните години на адолесценцијата, но најширокаата определба би била од 11 до 24 години.

Во трудот, акцентот е ставен на случувањата од 13 до 19 години. Сепак, адолесценцијата не треба да се сфаќа само како возрасна категорија, туку како период на развој кој има свои психолошки карактеристики кои ја разликуваат адолесценцијата од други животни доби.[4]

Времето на младоста е време на напуштање на детството и влегување во светот на возрасните. Тоа е време на страст и предизвик, бунт и искуства на огромна моќ, слобода и љубов, но и време на вознемиреност и страв, несигурност и сомнежи. Адолесцентот, со сè што добил или не добил во претходниот живот, тој е принуден и има потреба повеќе или помалку болно, да се бара себеси и своето место во светот, кој е многу примамлив, но понекогаш и многу суров.[5]

1.2. Адолесцентни проблеми

И покрај веродостојноста на поновите емпириски истражувања, коишто се во правец на прифаќањето на ставот дека адолесценцијата за мнозинството од младите не е доба на турбуленции, треба да се истакне дека сепак тоа е возраст на големи и релативно брзи промени на физичко, психолошко и социјално ниво. Поради овие и слични промени, разумно е да се очекува дека младите ќе имаат одредени проблеми.[6]

[4] Lackovič-Grgin, K., Božičevič, V., Milosavljevč, B. & Rijavec, M. (1988). Problemi adolescenata iz gradskih sredina, Zavisnost tih problema od nekih ličnih, socio-demografsk interpersonalnih faktora"Narodnilist",Zadar
[5] Curčič V. (1985) Identitet mladih — između krize i nekih poremećaja ličnosti, »Psihijatrija danas, Beograd,br. 1-2
[6] Lackovič-Grgin, K., Božičevič, V., Milosavljevč, B. & Rijavec, M. (1988). Problemi adolescenata iz gradskih sredina, Zavisnost tih problema od nekih ličnih, socio-demografsk interpersonalnih faktora"Narodnilist",Zadar

Од претежно дескриптивните досегашни студии, дознаваме дека проблемите на младите можат да произлезат од барањата на конкретната социјална средина во однос на идеите за посакуваните квалитети и облици на однесување на младите луѓе, потоа од нивниот однос спрема доживувањето на сопствените промени, а и околу случувањата на поширок културен и социјален план. Ова значи дека во различни култури, но и во рамките на исти култури, но во различни општествени услови, има многу различни видови и начини на изразување на младинските проблеми. Во прилог на ова зборуваат и некои компаративни истражувања на проблемите на младите од различни земји. Тие студии покажуваат дека некаде има поизразени проблеми во врска со школувањето, на друго место повеќе проблеми поврзани со односите меѓу младите и возрасните, некаде проблеми со изборот на професија и вработување.[7]

1.3. Идентитет

Терминот „идентитет“ во последните години е широко користен во хуманистичките науки благодарение на Ериксон, креаторот на психосоцијални теории за развој на личноста. Под идентитет, Ериксон ја подразбира општата слика што човекот ја има за себе.

„Психолошки гледано, формирањето на идентитетот се одвива преку процесот на истовремено размислување и набљудување, процесот кој се одвива на сите нивоа на функционирање на умот, преку кој поединецот се оценува себеси во светлината на она што го доживува како начин на кој е оценет од другите...“.[8]

Идентитетот овозможува интегритет на личноста, влијае на живототните планови, идеали, потреби, вредности, општествени улоги, способности. Според Ериксон, процесот на формирање на идентитетот на една личност се завршува во петтата фаза од развојот - фазата на стекнување идентитет, што трае приближно од тринаесет до осумнаесет години. Поединец на оваа возраст е во таква состојба кога верува дека тој мора да

[7] Havinghurst R. J. (1965) A Cross-National Study of Buenos Aires and Chicago Adolescents, Basel, New York
[8] Erikson, E. (1976) Omladina, kriza, identifikacija, Pobjeda, Titograd

одлучува за витално важни прашања: трајно да се определи пред себе и пред другите, да го избере својот животен пат и професија**.**

Со други зборови, тој треба да ја обликува сликата за себе, погледот на општеството и животот, т.е. идеологијата, а тоа воопшто не е лесно бидејќи младата личност нема доволно животно искуство, а освен тоа на оваа возраст и физички и психички се менува наеднаш, така што е несфатлива за самата себе.

За да се пронајде себеси и своето место во општеството, поединецот ќе експериментира на различни начини и во различни области. Тој е чувствителен на ставовите и оценките на другите и е склон да се здружува или да се приклучува на групи, кои имаат значително значење за формирањето на идентитетот. Дали човекот ќе успее да го формира идентитетот зависи од тоа како се решавале кризите во претходните фази. Ако поединецот не го обликува својот идентитет, ако е збунет, има чувства на изолација, празнина, вознемиреност и неодлучност, може да биде опасно за целиот понатамошен тек на животот. Кај некои луѓе тоа може да се формира во негативен идентитет - чувство на опседнатост со негативни и безвредни својства и особености. Ако овие својства се проектираат на други („другите не се добри, а не јас“), може да се појави социјална патологија.[9]

2. РАЛИГИЈАТА И СФАЌАЊЕТО ЗА МОРАЛНИТЕ ВРЕДНОСТИ

2.1. Религија

Од времето кога е создаден човекот, тој верувал во постоењето на повисока сила, постоењето и делувањето на нешто натчовечко кое има контрола над природата и сите живи суштества и појави. Со поврзување и собирање на луѓето кои верувале, настанала и религијата (лат. *religio*: вера, од *religare*: поврзување, собирање), што се дефинира како

[9] Janakov B. (1988) Psihologija samosvesti, Istraživačko-izdavački centar SSO Srbije, Novi Beograd

„систем на верувања, етички вредности и акти со кои човекот го изразува својот однос кон светот. Тој однос може да биде субјективен и објективен.“[10]

Кога е субјективно, се манифестира во лично обожавање и поклонување, значи се работи за религиозност. Кога односот кон светото е објективен со зборови (молитвени, религиозни, догматски и правни форми), гестови (обреди), предмети (свети предмети и објекти) и верска заедница, таа е објективна религија или верска институција.[11]

Други дефиниции за религиозноста ја нагласуваат нејзината практична страна, објаснувајќи ја религиозноста како интерес за религијата, ангажирање или учество во религијата, што повеќе се однесува на континуитет на степенот на учество во верски ритуали и религиозна практика, отколку на висок степен на религиозно ангажирање.[12]

Како и да се дефинира религиозноста и на која било религија поединецот да припаѓа (христијанството, исламот, будизмот, хиндуизмот, јудаизмот...), таа неизбежно влијае на различни области од функционирањето на поединецот и целокупниот поглед на светот. Од секојдневниот живот може да се забележи како религиозноста на поединецот може да влијае на неговиот однос кон другите луѓе, неговиот однос кон работата, интелектуалниот напредок и образованието, па дури и на односот кон сопственото здравје.

Дека религиозноста, во зависност од својот интензитет, степенот на развој или типот има одредено и специфично влијание врз погледот на светот, покажале и бројни истражувачи, како што се: Хол, Олпорт, Фаулер, Батсон и многу други. Почетоците на научното проучување на религиозноста се поврзуваат со Стенли Хол, кој веќе во 1882 објавил статија за морално и верско образование, што се смета за официјален почеток на психологија на религиозноста.[13]

[10] Dušanić, S., Šašić, N., Eraković, A. (2015). Religijski identitet mladih u Republici Srpskoj. U: Knjiga sažetaka sa naučnog skupa Savremeni trendovi u psihologiji. Novi Sad: Filozofski fakultet.
[11] http://www.enciklopedija.hr/Natuknica.aspx?ID=52381
[12] Dragun, A. (2001). Povezanost religiozne orijentacije, seksualnosti i prosocijalnosti. Društvena istraživanja: časopis za opća društvena pitanja, 12(1-2), 201-223.
[13] Dragun, A. (2001). Povezanost religiozne orijentacije, seksualnosti i prosocijalnosti. Društvena istraživanja: časopis za opća društvena pitanja, 12(1-2), 201-223

Според Пивчевиќ (2005), наведено кај Драгун (2001), психологијата на религиозноста се обидува да го разбере религиозното однесување на луѓето, нивните религиозни ставови, искуства и вредностите и односот на луѓето кон религијата.[14]

Еден од главните проблеми што психолозите во рамките на овој домен се обидуваат да испитаат е дали има „погрешна“ (нездрава, незрела) религиозност и „вистинска“ (здрава, зрела) религиозност, и ако е така, кои се критериумите за нивната разлика, што предизвика бројни контроверзии и поттикна многу истражувања за психолошкиот аспект на религиозноста.[15]

Претпоставувајќи дека има и незрела и зрела религиозност, истражувачите се обиделе да направат разлика помеѓу овие два концепта на различни начини. Според Драгун (2001), уште Вилијам Џејмс во своето истражување за религиозноста на почетокот на 20 век, прави разлика помеѓу „здрав“ и „меланхоличен“ тип на религиозност, која за разлика од здравата, е поврзана со психопатолошки појави и радикален песимизам.[16]

Понатаму, Џон Џуи направи разлика помеѓу „внатрешна религиозност“ и „држење надворешни форми“, додека теологот Артур Нок разликува „конверзија“, односно религија како личен избор и „атхезија“, односно религија која е само наследена од општеството. Слично на тоа, Ален ја дели религиозноста на „посветена“ (интернализација на религиозните вредности) и „конформитетна“ (почитување на верските вредности само поради социјален притисок). Тоа е Ленски од друга страна, кој ја дели на „лично интегрирана“ (го опфаќа целиот живот) и „социјална“ (тука се примарни социјалните врски).

[14] Dragun, A. (2001). Povezanost religiozne orijentacije, seksualnosti i prosocijalnosti. Društvena istraživanja: časopis za opća društvena pitanja, 12(1-2), 201-223
[15] Dragun, A. (2001). Povezanost religiozne orijentacije, seksualnosti i prosocijalnosti. Društvena istraživanja: časopis za opća društvena pitanja, 12(1-2), 201-223
[16] Dragun, A. (2001). Povezanost religiozne orijentacije, seksualnosti i prosocijalnosti. Društvena istraživanja: časopis za opća društvena pitanja, 12(1-2), 201-223

Сите овие истражувачи, всушност, на свој начин ја дефинирале незрелата или зрелата религиозност, но сепак е потребна општоприфатена дефиниција за споменатиот концепт.

Психологот, филозоф, теолог и економист, Орло Странк, презентирал обемна, но сеопфатна дефиниција за зрелата религиозност: „Зрелата религиозност е динамична организација на когнитивно-афективно-конативни фактори кои поседуваат одредени карактеристики на длабочина и возвишеност, вклучувајќи високосвесен и артикулиран систем на верување, прочистен од критичните процеси на детските желби и многу погоден и доволно сеопфатен за да се најде смисла во секоја животна непостојаност... Таков систем на верување, иако подложен на искушение во духот... ќе вклучува чувството на поврзаност со Севишниот..., но ќе го определи и одговорното однесување на поединецот во сите области на лични и меѓучовечки односи, вклучително и сфери како што се: моралот, љубовта, работата и така натаму“.[17]

Сепак, еден од најистакнатите истражувачи на религиозноста, кој во 1960-тите забележал дека според некои аспекти на религиозноста, поединците можат значително да се разликуваат, а чија концепција за религиозноста е општоприфатена, е Гордон В. Олпорт, кој ја воведе поделбата на религиозноста на внатрешна и надворешна. Имено, религиозноста на некои поединци ги надминува личните интереси и е цел сама по себе, додека за некои поединци религиозноста е првенствено утилитарна и фокусирана на лични придобивки од религиозноста, како на пример, социјално прифаќање.[18]

Религиозноста која е цел сама по себе се нарекува внатрешна (интризнична) религиозност, бидејќи човекот ја прифаќа и негува религијата поради нејзините вредности, додека последнава спомената религиозност се нарекува надворешна (екстринзична) религиозност, во која поединецот ги игнорира барањата на верата и нејзиниот автентичен дух, во кој клучениот метод на градење е поединечна религиозност, но и социјалното потекло на тој поединец.

[17] Crapps, R. W. (1986). An Introduction to Psychology of Religion. Georgia: Mercer University Press.
[18] Ćubela Adorić, V. (2004). Skala zrelosti religioznosti. U Proroković, A., Lacković-Grgin, K., Ćubela Adorić, V. i Penezić, Z. (ur.), Zbirka psihologijskih skala i upitnika, Sv.2.

Со други зборови, внатрешно религиозните ја живеат својата религија, а надворешно религиозните ја користат за да ги задоволат своите потреби и за постигнувањето на нивните цели.[19]

2.2. Сфаќање и задачи на религијата

Прашањето што е религијата и зошто служи несомнено навлегува во најинтимниот проблем на социолошкиот пристап на феноменот религија. Всушност, општествената перспектива религијата ја гледа, проучува или разбира во светло на општествените процеси и општествените собирања, при што суштината на самите процеси останува предмет на нерешливи спорови.[20]

Оваа потешкотија доаѓа од фактот дека општеството забрзано и непрестано се менува, што на вообичаениот статички ум, кој во краткоста на своето суштествување на овој свет сака да му подари средена и непроменета смисла, предизвикува додатна потешкотија.

Оттука произлегува прашањето како да се разбере религијата, која е нешто огромно, неиспитано, длабоко и суштинско со статичниот човеков ум, во светло на големите (смисловно плитки) општествени промени кои почнуваат да го брануваат умот на кој и онака му е тешко да навлезе во срцето на поимот религија. И покрај ова, социологијата успева да пронајде низа на неизбежни елементи на разбирање на општествената улога на религијата, покажувајќи на кои сè начини религијата се испреплетува со човекот и општеството. Овој научен труд има токму тоа за цел, преку емпириски истражувања да ја истакне вмешаноста на религијата во и преку животот на адолесцентите.

[19] Allport, G. W. i Ross, J. M . (1967). Personal Religious Orientation and Prejudice. Journal of Personality and Social Psychology, 5(4), 432-443.
[20] Leutar, Z. i Josipović, A. M. (2008). Neke dimenzije religioznosti mladih. Nova prisutnost: časopis za intelektualna i duhovna pitanja, 6(3), 397-420

2.3. Дефинирање на религијата

Прашањето што е религија, а и зошто религија, многу наликува на двата основни социолошки пристапи на дефиницијата на религијата. Првиот пристап најчесто се нарекува суштински, бидејќи се обидува да најде заеднички и посебен - дистинктивен елемент на сите религии. Скоро питијски, се вели дека религијата е она што е. Она што е суштината на религијата е она што ниту еден друг општествен феномен не може да го содржи. Се разбира, одговорот на индивидуалните истражувачи е различен, но најочигледниот пример за суштинска дефиниција е верувањето во натприродно суштество и чувството на моќ и сила кое е поврзано токму со тоа натприродно суштество.[21]

Чувството на моќ и сила е поврзано со концептот на светото, со тоа што е спротивно на профаномот, така што верувањето во светото или посебниот однос кон светите работи е клучен елемент на суштинската дефиниција. Бидејќи оваа дефиниција се обидува да биде многу прецизна како внатре во неа, така и во истражувањата вклучува: институции, пракса, верувања, јазик, симболи. Се чини дека таа добро навлегува во суштината на религиското, особено со концептот на светоста, јасно ја одвојува религијата од секојдневното, односно во рамките на секојдневното, јасно се разликува она што не е од овој свет. Сепак, постојат и многу критики насочени кон суштинската дефиниција на религијата.

Првата критика е дека таа е западноцентрична, дека ги толкува и истражува суштинските елементи на религијата, но од претежно христијанска перспектива и тешко е да се концептуализираат незападните религии (на пример, будизмот или конфучионизмот), како и новите видови на духовност во модерната свет (на пример, Новото доба). Втората забелешка произлегува од точно гореспоменатите тешкотии да се разберат религиите во сегашноста, која често се одвива надвор од

[21] M. McGUIRE, Religion. The Social Context, Wadsworth Publishing Compan Bel mont, 1992.; I. FURSETH – P. REPSTAD, An Introduction to the Sociology of Religion, Clas sical and Contemporary Perspectives, Ashgate, Abigdon, 2006

институционализираните религии. Така, суштинската дефиниција едвај ја опфаќа религијата на промената бидејќи човекот и неговата религија се менуваат, па важно прашање е дали можеме да ги разбереме новите начини на религија на иновацијата преку традиционалните концепти. Вториот пристап започнува со прашањето што прави религијата за поединецот или општествената група, која функција ја врши, па овие дефиниции најчесто се нарекуваат функционалистички.[22] Повторно, во литературата е можно да се најдат многу различни функционалистички дефиниции, но тие главно вклучуваат создавање на смисла или идентитет.

Помалку важна е содржината на верувањето или практиката, отколку последиците кои религијата ги создава за човекот и општеството: разбирањето или оправдувањето на природните и општествените случувања, создавање на смисла или целовитост на животот, трансцендирање на биолошката даденост, и слично. Затоа што функционалистичките дефиниции можат добро да го опфатат значењето на религијата за човекот, посебно во временски променлива перспектива, тие исто така подлежат и на бројни критики.

Главната жалба е дека таквата дефиниција е многу широка, дека едвај може да направи разлика помеѓу она што е и што не е религија и бидејќи многу други општествени феномени можат да резултираат со исти или слични последици: политика, идеологија, животни погледи, меѓусебни врски итн. Навистина, во рамките на некоја идеологија можеме да најдеме многу религиски елементи, но дали е тоа религија? Очигледно е дека и двете дефиниции имаат свои предности и недостатоци. Понекогаш е тешко дури и да се повлече линија помеѓу двете дефиниции, бидејќи постојат различни варијанти кои настојуваат да ги избегнат нивните слабости. Така, најчесто се смета дека суштинската дефиниција е попрецизна и потесна, а функционалната е понејасна и поширока. Меѓутоа, некои функционалистички дефиниции вклучуваат многу тесен

[22] M. McGUIRE, Religion. The Social Context, Wadsworth Publishing Compan Bel mont, 1992.

спектар на религиозни функции, а некои суштински дефиниции вклучуваат широк спектар на погледи на светот или интерпретација на животот.[23]

Еден од најголемите предизвици и за двете дефиниции е разликата помеѓу религијата и религиозноста/духовност во модерното, т.е. во условите на постмодерното општество. Затоа, некои автори се залагаат за креативно користење на двете дефиниции и нивна конкретна примена во зависност од специфичниот предмет на истражување. Од друга страна, без да се запостави важноста на двете дефиниции, современата социологија на истражување на религијата најчесто приоѓа од страна на различни димензии на религискиот феномен, нагласувајќи ја нејзината комплексност и неможност да се сведе на една димензија или на еден индикатор.

2.4. Моралот и религијата

Можеме да кажеме дека една од поважните улоги на религијата е тоа што таа учествува во формулирањето на основните морални правила и принципи, како и дека учествува во самото задржување на овие норми. Според многу истражувачи на историјата на религијата, религијата не секогаш имала таква етичка функција. Ова најверојатно ќе се види од фактот дека светото битие, или она што се смета за свето, првично не се сметало истовремено и за добро.

Од историјата на грчката и римската митологија гледаме дека долго време боговите не биле замислувани како морално беспрекорни, добри битија, туку како битија со човечки мани и недостатоци (кавгаџивост, завист, осветољубивост и сл.).[24]

Етизирањето, морализирањето на боговите произлегува во целосна мерка само со појавата на монотеистичките религии, како мојсејството и христијанството. Во овие религии, Бог се замислува себеси како морален законодавец на човекот и како судија кој ќе го награди доброто во тој свет и ќе го казни злото (од христијанската религија).

[23] FURSETH – P. REPSTAD, An Introduction to the Sociology of Religion, Clas sical and Contemporary Perspectives, Ashgate, Abigdon, 2006
[24] Hall, R. i J. Davis (1987): Moral Education in Theory and Practice. New York: Prometheus Books

Пренесувањето на потеклото на моралните норми од реалниот општествен живот на надземната, божествена власт не е едноставен изум на индивидуалните религиозни луѓе, како некои материјалисти и рационалисти од XVIII век, туку израз на општествените потреби и одреден неопходен степен во развојот на човечката свест. Првата и основната потреба на секое општество е потребата од стабилност, сожителство и ред во односите помеѓу членовите или групите во општеството. Оваа стабилност се постигнува, пред сé, со морални правила или норми (иако, се разбира, сите морални норми и морал воопшто не можат да се наведат под концептот на општествена функционалност, ако ја земеме предвид стабилноста и редот). Поради внатрешното значење на овие норми, отсекогаш постоел свесен и несвесен стремеж да им се обезбеди репутација и уважување во очите на групите.

Една таква потреба на општеството останува постојана, додека средствата и методите за неговата реализација се менуваат со текот на времето. По она што го кажавме, се поставува прашањето: Како би можела да се исполни потребата за социјална стабилност и почитување на социјално моралните норми во патријархалното општество? Не ризикуваме многу ако одговориме на ова прашање со една аналогија или со правење паралели со начинот на кој сѐ уште мораме да почнеме да го социјализираме детето денес. Како детето на почетокот на неговиот духовен развој, може да се воведе во елементарни општествени норми или во општествено посакувано воспитување. Тоа нема развиен ниту интелектуален, ниту емоционален живот, така што навистина не може да го разбере и целосно да ја искуси смислата и значењето на овие норми.[25]

На почетокот детето таквите норми ги усвојува напросто затоа што од него тоа го бараат возрасните од коишто е зависно (роадителите, воспитувачите, учителите...). Со други зборови, детето почнува да ги учи елементите на општеството и моралот со помош на авторитетот олицетворен кај возрасниот. Вака изгледа почетокот на развојот на моралната свест кај индивидуата. Во модерната фаза на развојот, ние сметаме дека поединецот е навистина морално зрел и формиран само кога тој почнува да дејствува според одредени норми врз основа на неговото сопствено верување, знаење и смисла

[25] Mirić, J. (2001): Razvoj moralnog mišljenja. Kalekom i Institut za psihologiju Filozofskog fakulteta u Beogradu. Beograd. Poglavlje: Moral i razvoj

дека така треба да дејствува. Личноста ја прифаќаме за морална во моментот кога таа вистински ја сфаќа општествената и човечката смисла на тие норми. Авторитетот кој ја води формираната личност до одредено однесување е авторитет на објективна причина и принцип чие значење е сфатено и признаено, така што поднесувањето на нормите престанува да биде поднесување на надворешната власт и се претвора во независно донесување одлуки и третман на сопствениот увид и убедување. Во тој момент, хетерономијата е заменета со автономии. Овој автономен морал може да се стекне само со поединец во одреден степен на рационална и емоционална зрелост, па на автономната фаза мора да ѝ претходи фаза во која се неопходни елементи на хетерономијата. Слично на тоа, се случува и ходнина почетокот на општествениот и моралниот развој на човечкиот вид. Тука социјално моралните норми, за да бидат почитувани, мора да се појават како израз на некоја туѓа волја или повеќе како волја на некој авторитет. Вистинскиот авторитет е општеството, односно неговите постари, поглавари, истакнати и заслужни предци, мудреци и пророци. Со цел да се зголеми вредноста на овој вистински авторитет, се замислува дека тој доаѓа од повисок, божествен авторитет.

Како резултат на тоа, таткото, поглаварот, или пророкот, стануваат претставници на повисокиот, небесен татко. Секако, овој вид разбирање не е намерно измислено, туку е дел од општото религиозно гледиште за светот, во кој сѐ што е реално и природно се толкува како последица на постоењето на натприродните сили. За да постои потребата за воздржување, вистинската општествена власт е возвишена, кога се извршуваат морални норми од повисока, Божествена волја. За ова сведочи начинот на кој Библијата ја претставува атмосферата кога Мојсеј ги добива од божеството декалогот (десет заповеди). Описот на овој дел од втората книга на Мојсеј вели: И планината Синај беше целата во дим, бидејќи Господ се спушта на неа во оган и чадот се издига од неа како чад од печка и сите планини многу се тресеа. Трубата сѐ појако трубеше и Мојсеј зборуваше, и Господ му одговори со својот глас.

Социолошката и историски условената врска помеѓу моралот и религијата имале позитивни последици. Нив можеме да ги видиме посебно во идејата за божество како сезнаен и семоќен авторитет и непоткуплив судија. И двете идеи го доведоа поединецот

постојано да ги контролира своите постапки бидејќи Бог гледа сé. За доброто на ова, човекот се обидува да дејствува според оние елементарни норми кои религијата ја прикажуваат како израз на божествена волја. Замислете, кога на ова гледиште би се додала и целата вистинската слика за Бог од Библијата, како некој кој го создал човекот за да живее вечно, некој кој го создал човекот според неговиот лик и образ, некој кој од кога тој истиот човек, неговата круна на создавањето, ремек делото на моќните вајарски раце на совршенството, згрешил и го отфрлил сето ова, Тој, Истиот, вечниот, зачетникот на сè во својата голема љубов го дава својот единствен син за жртва за паднатиот човечки род за да го врати Својот лик во човекот. Евангелие по Апостол Јован 3,16: „Зашто Бог толку го возљуби светот, што го даде својот Еднороден Син, та секој што верува во Него, да не загине, туку да има вечен живот.“[26] Ете токму оваа слика на моќниот авторитет може најсилно да влијае на срцето на секој млад човек, да го интернализира сето она што е добро, свето, правилно, во својот карактер, да го формира својот морален идентитет и како таков да влије на семејството, врсниците и општеството. Како тоа практично да се постигне? Послание до Филипјаните 4, 8: „....на она што е вистинско, што е чесно, што е љубезно, што е достојно за слава, на она што е добродетел, што е за пофалба, само на тоа мислете.“[27]

3. ЛИЧНОСТА И НЕЈЗИНИТЕ КАРАКТЕРНИ ОСОБИНИ

3.1. Личност

Личноста е релативно стабилна форма на однесување, навики и склоности, развиена од страна на поединецот врз основа на наследството, во реакциите на наградите и казните добиени во текот на неговиот живот (Х. Ц. Ејзенк). Концептот на личноста во психологијата се толкува различно, во зависност од тоа дали терминот личност подразбира вкупност на психата на човекот, карактеристики, или само оние својства кои се класифицирани во терминот „карактер“, односно претежно сослушувања, мотивации,

[26] Macedonian Bible 073 UBS_EPS 2007United Bible Societies ISBN978-9989-839-12-2стр.114
[27] Macedonian Bible 073 UBS_EPS 2007United Bible Societies ISBN978-9989-839-12-2стр.238

ставови итн. Но, личноста секогаш значи целина, не можеме да ја „имаме повеќе или помалку“ (како што се интелигенцијата, слаткоста итн.), но секогаш е „некако“. Најсложениот проблем е во дефинирањето на личностите колку личноста може да се држи како стабилна човечка карактеристика. Ова би барало нејзините карактеристики да бидат временски и ситуациски непоколебливи. Да влеземе во аголот на секој човек. Карактеристиките да не се менуваат, односно да се манифестираат во слични ситуации на сличен начин. Некои карактеристики на личноста, оние кои се вклучени во т.н. „темперамент“, тие навистина се трајни (на пример, екстравертност, агресивност, покорност). Другите својства на личноста се менливи во ситуациите и со текот на времето (на пример, „сочувство“, „искреност“, „верност“, „безгрижност“ итн.), па тешко се припишуваат целосно на карактеристиките на личноста (освен поимот „менливи личности“).[28]

3.2. Карактер

Зборот карактер во психологијата се употребува со повеќе различни значења:

- ✓ понекогаш се изедначуваат поимот личност и карактер;
имуни на традициите, но и им ја зголемува површноста во интересите. Токму од овие причини првото истражување од ваков тип кај нас се спроведува врз оваа специфична група. Прашалникот е доставен во повеќето средни училишта и факултети во Скопје. Примерокот е репрезентативен со повеќе параметри: пол, етничка припадност, верска припадност. Истражувањето[124] е спроведено во текот на месец март 2019 година. Резултатите биле презентирани и биле предмет на анализа на експерти на 13.5.2019 на трибина во рамки на манифестацијата „Недела на заедничка молитва“, која се одржала за првпат со активности во повеќе региони од државата, во насока на зголемување на соработката и мотивирање на довербата меѓу верските заедници. Според добиените резултати, посебно од аспект на религиозноста на испитаниците во однос на читањето на светите книги, било констатирано дека редовно читале свети книги 21,74 %, понекогаш читале 37,40 %, дека тоа ретко го правеле навеле 3,46 % и дека не читале такви книги изјавиле 0,12 % од испитуваната популација. Во однос на прашањето дали испитаниците посетуваат верски објекти, дека тоа го прават секој ден навеле 5,49 % од испитаниците, со еднаш неделно се изјасниле 14,77 %, неколку пати годишно 43,97 %, дека тоа го прават само за задоволување на религиските потреби навеле 10,65 %, со „не, воопшто“ навеле 4,56 %, со „друго“ се изјасниле 2,36 % и со „не“ се изјасниле 0,59 % од испитаниците опфатени со истражувањето. На прашањето: „Што претставува за вас религиозноста?“, интересно е дека се издвојува почитувањето на традициите и обичаите. Најголем процент отпаѓа на оние кои сметаат дека религиозноста претставува сè од тоа што им било понудено како одговор (редовна посета на верски објекти, често читање на светите книги, почитување на традициите и обичаите, искрено покајување). Понатаму, во однос на тоа дали испитнаиците се сметаат себеси за религиски образовани, потврдно одговориле 61,81 %, дека не се сметаат за религиозни навеле 35,06 % и со „не знам“, одговориле 3,13 %. Понатаму, на прашањето од кој аспект ги интересира религијата, добиени биле следните резултати: од верски аспект 60 %, од политички 4,52 %, филозофски 14,53 %, мистичен 9,60 %, а со „друго“ одговориле 10,75 % и негативно одговориле 0,975 % од испитаниците. На крај, во однос на прашањето дали испитаниците се согласуваат дека религиозноста прави од нив подобри луѓе, 62,8 %

[124] Истражување на јавното мислење кај младат популација во градот Скопје, април 2019 год. - Комисија за односи со верските заедниции религиозни групи, www.kovz.gov.mk

навеле дека се согласуваат со ова тврдење, не се согласуваат 14,23 %, а со „не знам“ одговориле 18,9 % и негативно одговориле 3,99 % од испитаниците.

Другото истражување било спроведено во Србија, од една група на автори[125], која се обидела подетално да ја испита религиозноста на младите користејќи неколку различни пристапи и мерења, а е спроведено на примерок од 377 млади (61,3 % девојки, 38,7 % момчиња; на просечна возраст од 19 години), главно од српска националност (95 % Срби) од Бањалучката регија. Како новитет во однос на претходните истражувања, ова истражување прави обид да се испитат доминантните верски стилови, односно кое е нивото на верската зрелост на младите во контекст на седумте Фоулерови фази на развој на верата според Фовлер[126]. Кластер анализата на верските стилови покажала дека најголем дел од младите припаѓа на петтиот стил, поврзувачка вера (42,2 %), потоа на четвртиот стил индивидуално-рефлектирачка вера (35 %). Вториот митско-литерален стил, според истражувањето, е доминантен кај 16 % млади, а третиот конвенционален стил на вера кај 6,8 %. Овие резултати укажуваат на поголема застапеност на „зрелите“ нивоа на верата од очекуваното, што не е во потполна согласност со некои од резултатите и индикаторите од некои други истражувања.

4. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Предметот на научното истражување е во областа на превентивната психологија и се однесува на истражување на влијанието на религијата кај адолесцентите во Република Северна Македонија, за превенција од штетните појави на непримерното однесување, како и унапредување на квалитетот на живеење преку имплементација на моралните вредности како основа на религијата.

[125] Dušanić, S., Šašić, N., Eraković, A. (2015). Religijski identitet mladih u Republici Srpskoj. U: Knjiga sažetaka sa naučnog skupa Savremeni trendovi u psihologiji. Novi Sad: Filozofski fakultet.
[126] Fowler, J. W. (1981). Stages of Faith: The Psychology of Human Development and the Quest for Meaning. San Francisco: Harper

4.1. Теоретско определување на предметот на истражување

4.1.1. Дефинирање на клучните поими

Според предметот на истражување, дефинирани се следниве поими:

Адолесценција - (од латински adolescere, што значи „да порасне“) преодна фаза на физички и психолошки развој, кој генерално се случува во периодот на пубертет кон законската зрелост (полнолетство). Адолесценцијата вообичаено се поврзува со тинејџерските години, но нејзините физички, психолошки или културни манифестации можат да започнат порано и да завршат подоцна. На пример, пубертетот типично почнува за време на преадолесценцијата, особено кај девојчињата. Физичкиот развој (особено кај машките) и когнитивниот развој може да се продолжи и во раните дваесетти години. Така возраста обезбедува само груб знак за адолесценцијата, а научниците сметаат дека е тешко да се согласат за прецизна дефиниција на адолесценцијата. Темелното разбирање на адолесценцијата во општеството зависи од информациите од различните перспективи, вклучувајќи ги: психологијата, историјата, социологијата, образованието и антропологијата. Во рамките на сите овие перспективи, на адолесценцијата се гледа како преоден период меѓу детството и возрасното доба, чија културна цел е подготовка на децата за возрасните улоги. Тоа е период на повеќекратни транзиции, вклучувајќи ги образованието, едукацијата и невработеноста, како и транзиција од едни животни услови во други.[127]

Идентитет - Овој збор доаѓа од латински идентични, -ātис. Идентитетот е збир на карактеристики типични за една личност или група кои ѝ овозможуваат да се разликува од останатите. Идентитетот може да се сфати и како концепција што ја има една личност или група за себе во однос на другите. Исто така, се однесува на информации или податоци што официјално идентификуваат и разликуваат една личност од друга. Поимот идентитет е чадор термин, кој во различни контексти и дискурси добива различно значење.[128] Поимот идентитет е еден од најексплоатираните и

[127] Dorn L. D.; Biro F. M. (2011). „Puberty and Its Measurement: A Decade in Review“. Journal of Research on Adolescence. 21 (1): 180–195.
[128] Крамариќ, Златко. Идентитет, текст, нација. Скопје: Табернакул, 2010

најактуелните поими во денешно време во општествената, политичката, културната и медиумската комуникација. Ги подгрева националните страсти, го подрива адреналинот во јавноста и претставува заповед на општествената културно-историска свест и важно, општествено, политичко и егзистенцијално прашање. Ја изразува целината на историската мисија на нашето опстојување, во кое сите ние сме инволвирани со раѓањето преку писменоста, сопствениот автохтон збор и израз, литературата, творечкиот дух, инспирацијата, информирањето. Има длабоки историски корени, кои досегаат дури до крајот на 19 и почетокот на 20 век, кога главно се создаваа нациите и националностите во Европа.[129]

Религија - Поимот религија се врзува за латинскиот збор, односно глагол *religiere*, што значи „да се поврзе“, а за првпат овој израз бил употребен од христијанскиот филозоф Лактанциј во IV век, говорејќи за врската на човекот со останатите други битија и со Бог. Постојат три основни пристапи по кои може да се согледа религијата како феномен, а тоа се: субјективен пистап, објективен пристап и субјективно-објективен пристап. Од гледиште на објективниот пристап, религијата не може да се гледа како секоја друга појава. Додека според субјективниот пристап, религијата постои засебно во однос на останатите работи. Според третиот став, не може да се порекне субјективното, ниту пак објективното бидејќи религијата е синтеза и на објективното и на субјективното. Повеќето религии подразбираат учење кое се однесува на суштината, целта на постоење на сепостоечкото, а исто така религијата подразбира и одредени облици на верски заедници, како и одредени обреди, ритуални изведби кои се изведуваат на посветени места односно во одредени институции (цркви, џамии, синагоги и храмови).[130]

Личност - Во римско време, латинскиот збор *persona* или старогрчкиот *πρόσωπον* (prosopon), првично се однесувал на маските носени од глумците на сцената. Различни маски претставуваат различни *personae* во фазата на играта. Концептот на „личноста“ понатаму се развивал за време на Троичната и Христолошката дебата, почнувајќи од 1 па сè до 6 век. Оттогаш, се случиле голем број важни промени за значењето и употребата на

[129] Anderson, Benedikt. Nacija, zamisljena zaednica. Zagreb: Skolska knjiga, 1983.
[130] Erih From, Umeće ljubavi. Beograd: Vulkan, 2017, стр. 96-98.

зборот, а се направени и обиди истиот да се редефинира. Личност е човечко суштество кое има одредени капацитети или својства кои ја дефинирааат личноста, која е одредена на различни начини од различни автори во различни дисциплини и од различни култури во различни времиња и места.[131]

Морал - Поимот морал потекнува од латинскиот збор *moris,* што значи *обичај,* правило на однесување на луѓето кон себе, кон другите луѓе кон светот. Моралот е збир на правила, норми, начела на човековото однесување во општеството и ги уредува односите во општеството и ги уредува меѓусебните односи на луѓето во заедницата. Секој човек го носи во себе моралниот закон кој е основа за неговиот карактер.[132] Моралот е збир на правила, норми, начела на човековото однесување во општеството и ги уредува односите во општеството и ги уредува меѓусебните односи на луѓето во заедницата. Поимот етика, пак, потекнува од грчкиот збор *ethos,* што значи *обичај,* карактер, чиј извор и основа се моралните постапки и стремежи. Термините морал и етика често се употребуваат како синоними на иста содржина. Моралот е збир на општествени правила и практика на однесување меѓу луѓето, спонтано настанати во текот на историскиот развиток како резултат на подолготрајната употреба. Етиката е наука за моралот и моралното однесување кое се обидува да ги нормира моралните принципи и да го развива и да го усовршува моралот (преку етички кодекси).[133]

Ментално здравје - Светската здравствена организација (СЗО) го дефинирала менталното здравје, како: Општа благосостојба, имање свесност за своите способности, можност за справување со „нормалниот“ секојдневен стрес, можност за нормално и продуктивно работење, како и можност за придонес во заедницата. Доброто ментално здравје значи сочувство, благосостојба, почит и самодоверба. Одржување на емотивната рамнотежа, здрава исхрана и јасно поставена цел. Но, често несоодветната координација меѓу наведениве нешта доведува до ментални последици како анксиозност, депресија и различни растројства кај личноста. Комплексната, интеракција меѓу умот и телото со

[131] Lukes, Steven; Carrithers, Michael; Collins, Steven, eds. (1987). The Category of the Person: Anthropology, Philosophy, History. Cambridge: Cambridge University Press

[132] Lunn, Arnold, and Garth Lean (1964). The New Morality. London: Blandford Press.

[133] Yandell, Keith E. (1973). God, man, and religion: readings in the philosophy of religion. McGraw-Hill. containing articles by Paterson Brown

семејството или средината доведува до нестабилност на внатрешното „јас“, кое полека речиси онемува. Менталното здравје се смета како дел од поширока палета на однесувања што ја прават некоја личност здрава, среќна и исполнета. Заедно со физичкото здравје, менталното здравје се смета како дел од општата слика или дефиниција за човековото здравје.[134]

Задоволство од животот - Задоволството различно се дефинира. Од една страна, зборот задоволство во нашиот ум се поврзува со нешто добро. Пријатните сензации се доживуваат како добри (добра книга, добра храна...). Задоволството од животот е единствена сила која може да се спротивстави на потенцијално деструктивната моќ на егото. Задоволството од животот има одреден позитивен однос со среќата и љубовта. Задоволството погрешно се поврзува со забава. Точно, за да една активност е забавна, таа треба да носи задоволство, а не болка, но, не е неопходна забава за да се биде среќен или задоволен. Човекот може да ужива во секојдневните услови на животот, бидејќи задоволството е начин на битисување. Човекот е задоволен од животот кога движењата му се слободни, ритмични и во хармонија со околината.[135]

4.1.2. Операционално определување на предметот на истражување

Бидејќи бројот на лица кои сметаат дека влијанието на религијата има сè поголема улога врз менталното здравје и квалитетот на животот кај адолесцентите во нашата држава, тоа влијаеше на потребата од нови, понатамошни истражувања во областа на психологијата на оваа тема, со кои ќе може да се збогатат досегашните сознанија со нови.

Ова истражување е насочено кон добивање поголем увид за факторите, како што се: особините на личноста, мотивите, возраста, полот, за практикување на религијата и нејзиното разбирање, со што ќе може да се има значаен придонес во појавата на влошување на менталното здравје и квалитетот на животот кај адолесцентите.

[134] https://www.who.int/news-room/fact-sheets/detail/adolescent-mental-health
[135] Pavot, W. & Diener, E. (2008). The Satisfaction With Life Scale and the emerging construct of life satisfaction. The Journal o f Positive Psychology, 3(2), 137-152

5. ХИПОТЕТСКА РАМКА

Во ова истражување генералната хипотеза е дефинирана во облик на исказ на континуитет.

5.1. Формулација на општа хипотеза

Општата хипотеза на научното истражување е поставена како: Религиозноста придонесува за подобро ментално здравје и подобар квалитет на животот кај адолесцентите“.

5.2. Формулација на посебни хипотези

Како посебни хипотези, коишто произлегуваат од општата хипотеза, се поставени:

1. Со зголемување на религиозноста, се зголемува задоволството од животот кај адолесцентите.
2. Со зголемување на религиозноста, се намалува депресивноста кај адолесцентите.
3. Со зголемување на религиозноста, се намалува анксиозноста кај адолесцентите.
4. Адолесцентите од женски пол се порелигиозни и позадоволни од животот од адолесцентите од машки пол.
5. Адолесцентите од помало место на живеење се порелигиозни и позадоволни од животот од адолесцентите од поголемо место на живеење.
6. Помалку религиозните адолесценти се поанксиозни и подепресивни од порелигиозните.
7. Порелигиозните адолесценти имаат поголемо задоволство од животот.
8. Со зголемување на задоволството од животот се намалува депресивноста.

6. ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Со дефинирање на предметот на истражувањето, се определуваат и варијаблите и тоа се:

- ✓ религиозност,
- ✓ депресивност,
- ✓ анксиозност и
- ✓ задоволство од животот, а воедно и квантитативен вид на варијабли.

Во ова истражување како релевантни варијабли, определени се:

- ✓ пол,
- ✓ возраст,
- ✓ училишен успех,
- ✓ големина на место на живеење.

7. МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во ова истражување ќе се користи неекспериментален метод, а техниките кои ќе се користат се техники засновани на усна и писмена комуникација (прашалник и скала на процена).

Техника анкетирање - анкетирање како техника и на неа соодветните инструменти: прашалници (се нарекуваат и анкетни листови), прегледни, инвентарни и други прашалници за собирање на податоци, на кои писмено се одговара, специјалната „делфи“ постапка и на неа соодветниот прашалник итн.

Инструмент - прашалник (анкетен лист) - Сопствен и адаптиран на предметот на истражување, преку Скала за мерење на религиозноста, Скала за процена на депресија, Скала за процена на анксиозноста, Скала за процена на задоволство од животот.

Приказ на инструментите употребени во истражувањето

1. Скала за процена на религиозноста.

Се состои од 27 тврдења, преку кои може да се процени ставот кон Бог, ставот кон начинот на спасување, ставот кон црквата, стилот на живеење. Скалата е конструирана од проф. д-р Зорица Кубурић, претседател на Центарот за емпириски истражувања на религијата во Белград. Истата беше адаптирана за целите на ова истражување.

2. Бекова скала за процена на депресијата

Инвентарот за депресија на Бек (BDI, BDI-II) е создаден од д-р Арон Т. Бек, претставува прашалник со повеќекратен избор од 21 прашање, и еден од најшироко користените инструменти за мерење на сериозноста на депресијата. Нејзиниот развој бележи промена меѓу здравствените професионалци, кои дотогаш ја гледале депресијата од психодинамичка перспектива, наместо да биде вкоренета во сопствените мисли на пациентот. Обично се користи БДИ-II.

3. Цунгова скала за анксиозност

Зунг скалата за самооценување на анксиозност (SAS) е дизајнирана од Вилијам В. К. Зунг М. Д. (1929–1992), професор по психијатрија од Универзитетот Џјук, за да го квантифицира нивото на анксиозност. SAS е скала за проценка за самоизвестување од 20 ставки, создадена за мерење на нивоата на анксиозност, врз основа на бодување во 4 групи манифестации: когнитивни, автономни, моторни и симптоми на централниот нервен систем.. Секое прашање е бодувано на Ликертова скала од 1 до 4 (врз основа на овие одговори: „малку од времето“, „некое време“, „добар дел од времето“, „поголемиот дел од времето“). Целокупното оценување се врши по вкупен резултат.

4. Скала за задоволство од животот

Автор на Скалата за задоволство од животот е Ед Динер, од Универзитетот во Илиноис, во 1985 година (Satisfaction with Live Scale Ed Diener). Скалата на задоволство од животот е развиена за да се процени задоволството од животот на луѓето како целина. Таа не го проценува задоволството од одредени животни домени, како што се здравјето или финансиите, но им овозможува на субјектите да ги интегрираат и да ги мерат овие домени на кој било начин што ќе изберат.

7.1. Техники за обработка на податоци

Добиените податоци ќе бидат обработени со SPSS Statistics програма version 26.0, и Microsoft Excel, со соодветен графички приказ на добиените параметри и интерпретација на истите.

Добиените податоци по нивното собирање се обработени на ниво на дескриптивна статистика (фреквенции, проценти и базичните статистички показатели), прикажани преку табели и графикони. Корелациски ќе се примени Пирсонов коефициент на корелација.

Во текот на прибирање на податоците се почитуваа етичките начела, што се однесуваат на информираната согласност од раководните органи во институцијата, согласност од испитаниците - давање базични информации, но и делумно прикривање на целта, заштита од психичка повреда на испитаниците преку анонимност, заштита на приватноста и дискреција на добиените податоци.

8. ПОПУЛАЦИЈА И ПРИМЕРОК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Популацијата на ова истражување ја сочинува група испитаници од Република Македонија.

Популацијата се адолесценти на возраст од 13 до 19 години од христијанска (православна и протестантска) вероисповед. Примерокот е одбран без случаен избор во гранката на квотен примерок. Испитувањето беше извршено на една група испитаници,

адолесценти, при што беше одреден степенот на нивната религиозност, како и нивната христијанска определеност (православна, протестанска), како и влијанието на истата врз нивните морални вредности. Бројот на единици на анализа беше планирано да биде 100 испитаници, но поради одредени причини, на крајот, со елиминација на одредени испитаници, чии одговори се земаа како нерелевантни и беа отстранети од примерокот, се дојде до бројката 75 испитаници, што исто така, може да се каже дека претставува релевантен примерок.


9. ОРГАНИЗАЦИЈА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето беше спроведено во временски период од два месеца, почнувајќи од 01. 09. 2022 година, до 31. 12. 2022 година. Беше спроведено директно на терен и преку електронски дистрибуиран прашалник во повеќе гимназии низ државата, помеѓу кои е и о СУГС „Јосип Броз Тито“ во Скопје.

ДЕЛ III. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ДОБИЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

1. ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Во ова истражување е користена дескриптивната статистика за добивање на информации за фреквенцијата, аритметичката средина и стандардната девијација на социодемографскиот профил на зависниците од алкохол кои го сочинуваат примерокот. На графикот 1 се прикажани испитаниците според полот. Во испитуваната група поголем е бројот на машки испитаници, поточно 22 машки или 29 %, додека припадничките на женскиот пол учествуваат со 53 испитаници, односно 71 %.




Графикон 1: Приказ на примерокот според полот

На графичкиот приказ 2 се прикажани испитаниците според возраста. Средната возраст на испитаниците е 16 години, со распон од најмладиот на 13-годишна возраст, до највозрасниот на 19 години. Најголем процент се на 17-годишна возраст.



Графикон 2: Приказ на примерокот според возраста

На графичкиот приказ 3 се прикажани испитаниците според нивното место на живеење. Според добиените одговори, 30 испитаници се од поголемо место на живеење или 40 %, додека останатите 45 испитаници или 60 % се од помало место на живеење.



Графикон 3: Место на живеење

2. РЕЗУЛТАТИ И АНАЛИЗА

Во табелите кои се прикажани во продолжение, дадени се резултатите на испитаниците за испитуваните варијабли.

За да може да се одговори на проблемот на ова истражување, односно да испитаме дали постои влијание на религиозноста врз менталното здравје и задоволството од животот, спроведена е соодветна анализа, преку прикажување на наодите од дескриптивната статистика.

2.1. Наоди од дескриптивна статистика

Табела 1: Податоци од дескриптивните статистици за сите варијабли

Descriptive Statistics

	N	Minimum	Maximum	Mean	Std. Deviation	Skewness		Kurtosis	
	Statistic	Statistic	Statistic	Statistic	Statistic	Statistic	Std. Error	Statistic	Std. Error
Religioznost	75	64	161	126,09	19,474	-,768)	,277	1,193	,548
Depresivnost	75	34	63	54,48	6,795	-,944)	,277	,997	,548
Anksioznost	75	21	47	35,52	5,785	-,346)	,277	,104	,548
Zadovolstvo od zivotot	75	11	35	26,19	5,746	-,563)	,277	,010	,548
Valid N (listwise)	75								

Во Табела 1 се прикажани дескриптивните статистици за варијаблите во истражувањето. Вредноста на просечната религиозност на испитаниците изнесува M=126,o9, а вредноста на стандардната девијација изнесува SD= 19,474, што укажува дека нема големо просечно отстапување од аритметичката средина.

Скјунесот, којшто претставува искривување на дистрибуцијата по хоризонталната оска (x-оската), т.е. колку се разликува од нормалната дистрибуција, не надминува +/-1 за религиозноста е со негативна вредност Skj= -,768, што значи дека повеќето испитаници се

концентрирани на десната страна на дистрибуцијата, односно имаат поголем скор од аритметичката средина.

Куртозис, којшто претставува колку дистрибуцијата, отстапува од нормалната дистрибуција по вертикала (у-оската), надминува +/-1, изнесува 1,193, но вредноста помеѓу −2 и +2 генерално се смета за прифатлива (Графикон 1).

Вредноста на просечната депресивност на испитаниците изнесува M=54,48, а вредноста на стандардната девијација изнесува SD= 6,795, што укажува дека нема големо просечно отстапување од аритметичката средина.

Скјунесот, којшто претставува искрививање на дистрибуцијата по хоризонталната оска (х-оската), т.е. колку се разликува од нормалната дистрибуција, не надминува +/-1 за депресивноста е со негативна вредност Skj= -.944, што значи дека повеќето испитаници се концентрирани на десната страна на дистрибуцијата, односно имаат поголем скор од аритметичката средина.

Куртозис, којшто претставува колку дистрибуцијата отстапува од нормалната дистрибуција по вертикала (у-оската), не надминува +/-1, изнесува ,997, и укажува дека дистибуцијата е лептокуртична, односно дека најголем дел од испитаниците се концентрирани околу аритметичката средина (Графикон 2).

Вредноста на просечната анксиозност на испитаниците изнесува M=35,52, а вредноста на стандардната девијација изнесува SD= 5,785, што укажува дека нема големо просечно отстапување од аритметичката средина.

Скјунесот, којшто претставува искрививање на дистрибуцијата по хоризонталната оска (х-оската), т.е. колку се разликува од нормалната дистрибуција, не надминува +/-1, за анксиозноста е со негативна вредност Skj= --,346, што значи дека повеќето испитаници се концентрирани на десната страна на дистрибуцијата, односно имаат поголем скор од аритметичката средина.


Куртозис, којшто претставува колку дистрибуцијата отстапува од нормалната дистрибуција по вертикала (у-оската), не надминува +/-1, изнесува ,104, и укажува дека

дистибуцијата е лептокуртична, односно дека најголем дел од испитаниците се концентрирани околу аритметичката средина (Графикон 3).


Вредноста на просечната вредност на варијаблата квалитет на живот на испитаниците изнесува M=26,19, а вредноста на стандардната девијација изнесува SD= 5,746, што укажува дека нема големо просечно отстапување од аритметичката средина.

Скјунесот, којшто претставува искрививање на дистрибуцијата по хоризонталната оска (x-оската), т.е. колку се разликува од нормалната дистрибуција, не надминува +/-1, за анксиозноста е со негативна вредност Skj=-,563, што значи дека повеќето испитаници се концентрирани на десната страна на дистрибуцијата, односно имаат поголем скор од аритметичката средина.


Куртозис, којшто претставува колку дистрибуцијата, отстапува од нормалната дистрибуција по вертикала (y-оската), не надминува +/-1, изнесува ,010, и укажува дека дистибуцијата е блиску до нормалната (Графикон 4).




Графикон 1: Дистрибуција на религиозноста споредено со нормална дистрибуција



Графикон 2: Дистрибуција на депресивноста споредено со нормална дистрибуција



Графикон 3: Дистрибуција на анксиозноста споредено со нормална дистрибуција



Графикон 4: Дистрибуција на задоволство од животот споредено со нормална дистрибуција

2.2. Наоди од тестирањето на хипотезите


Во следната табела е претставена корелацијата меѓу варијаблите кои се однесуваат на религиозноста и задоволството од животот.

Табела 2: Корелација меѓу варијаблите религиозност и задоволство од животот

Correlations

		Religioznost	Zadovolstvo od zivotot
Religioznost	Pearson Correlation	1	,019
	Sig. (2-tailed)		,874
	N	75	75
Zadovolstvo od zivotot	Pearson Correlation	,019	1
	Sig. (2-tailed)	,874	
	N	75	75

Според резултатите од Табела 2, коефициентот на корелација изнесува r= .874, p > .001, од каде што можеме да заклучиме дека не постои значајна статистичка поврзаност помеѓу варијаблите религиозност и задоволство од животот.



Графикон 5: Корелација меѓу варијаблите религиозност и задоволство од животот


На Графикон 5 е претставена корелацијата меѓу религиозноста и задоволството од животот, односно двете варијабли се движат во иста насока, каде што на x-оската се наоѓаат постигнувањата за религиозност, а на y-оската постигнувањата на варијаблата задоволство од животот, меѓутоа нивната корелација не е статистички значајна.

Табела 3: Корелација меѓу варијаблите религиозност и депресивност

Correlations

		Religioznost	Depresivnost
Religioznost	Pearson Correlation	1	-,123)
	Sig. (2-tailed)		,294
	N	75	75
Depresivnost	Pearson Correlation	-,123)	1
	Sig. (2-tailed)	,294	
	N	75	75

Според резултатите од Табела 3, коефициентот на корелација изнесува r= .294, p > .001, од каде што можеме да заклучиме дека не постои значајна статистичка поврзаност помеѓу варијаблите религиозност и депресивност, што значи дека со зголемување на религиозноста, не се намалува степенот на депресивност.



Графикон 6: Корелација меѓу варијаблите религиозност и депресивност


На Графикон 5 е претставена корелацијата меѓу религиозност и депресивност, каде што на х-оската се наоѓаат постигнувањата за религиозност, а на у-оската постигнувањата на варијаблата задоволство од животот, меѓутоа нивната корелација не е статистички значајна.

Табела 4: Корелација меѓу варијаблите религиозност и анксиозност

Correlations

		Religioznost	Anksioznost
Religioznost	Pearson Correlation	1	,105
	Sig. (2-tailed)		,371
	N	75	75
Anksioznost	Pearson Correlation	,105	1
	Sig. (2-tailed)	,371	
	N	75	75

Според резултатите од Табела 4, коефициентот на корелација изнесува r= .371, p > .001, од каде што можеме да заклучиме дека не постои значајна статистичка поврзаност помеѓу варијаблите религиозност и анксиозност, што значи дека со зголемување на религиозноста, не се намалува анксиозноста.



Графикон 7: Корелација меѓу варијаблите религиозност и анксиозност

На Графикон 7 е претставена корелацијата меѓу религиозност и анксиозност, каде што на х-оската се наоѓаат постигнувањата за религиозност, а на у-оската постигнувањата на варијаблата анксиозност, меѓутоа нивната корелација не е статистички значајна.

Табела 5: Дескриптивни статистици на мажите и жените за варијаблата религиозност

Group Statistics

	Пол	N	Mean	Std. Deviation	Std. Error Mean
Religioznost	Maski	22	120,36	24,663	5,258
	Zenski	53	128,47	16,565	2,275

Просечната вредност на религиозноста за жените изнесува M=128,47, додека за мажите е 120,36. Стандардното отстапување кај мажите SD=24,663 е поголемо од SD=16,565 кај жените.

Табела 6: Т-тест за одредување разлики помеѓу мажите и жените во однос на религиозноста

Independent Samples Test

		Levene's Test for Equality of Variances		t-test for Equality of Means						
									95% Confidence Interval of the Difference	
		F	Sig.	t	df	Sig. (2-tailed)	Mean Difference	Std. Error Difference	Lower	Upper
Religioznost	Equal variances assumed	2,487	,119	-1,661)	73	,101	-8,108)	4,881	-17,837)	1,620
	Equal variances not assumed			-1,415)	29,188	,168	-8,108)	5,729	-19,823)	3,606

Во Табела 6 е претставен t-тест за религиозноста кај мажите и жените. Бидејќи нивото на значајност во Levene's Test for Equality of Variances изнасува .119, се претпоставува дека варијансите се хомогени (.119 >0.05). Вредноста на t=(-1,661, df=73, p>0.05), што значи дека не е статистички значаен, односно дека мажите и жените не се разликуваат значајно во однос на религиозноста.

Табела 7: Дескриптивни статистици на мажите и жените за варијаблата задоволство од животот

Group Statistics

	Пол	N	Mean	Std. Deviation	Std. Error Mean
Zadovolstvo od zivotot	maski	22	25,18	6,716	1,432
	zenski	53	26,60	5,307	,729

Просечната вредност на задоволството од животот за жените изнесува M=26,60, додека за мажите е 25,18. Стандардното отстапување кај мажите SD=1,432 е поголемо од SD=0,729 кај жените.

Табела 8: Т-тест за одредување разлики помеѓу мажите и жените во однос на варијаблата задоволство од животот

Independent Samples Test

		Levene's Test for Equality of Variances		t-test for Equality of Means						
									95% Confidence Interval of the Difference	
		F	Sig.	t	df	Sig. (2-tailed)	Mean Difference	Std. Error Difference	Lower	Upper
Zadovolstvo od zivotot	Equal variances assumed	3,954	,050	-,975)	73	,333	-1,422)	1,458	-4,327)	1,483
	Equal variances not assumed			-,885)	32,418	,383	-1,422)	1,607	-4,693)	1,849

Во Табела 8 е претставен t-тест за задоволството од животот кај мажите и жените. Бидејќи нивото на значајност во Levene's Test for Equality of Variances изнасува ,050 се претпоставува дека варијансите се хомогени (,050 >0.05). Вредноста на t=(-,975, df=73, p>0.05), што значи дека не е статистички значаен, односно дека мажите и жените не се разликуваат значајно во однос на задоволството од животот.

Табела 9: Дескриптивни статистици на големината на местото на живеење за варијаблата депресивност

Group Statistics

	Место на живеење	N	Mean	Std. Deviation	Std. Error Mean
Depresivnost	pogolemo mesto	30	54,93	7,597	1,387
	pomalo mesto	45	54,18	6,275	,935

Просечната вредност на адолесцентите кои живеат во помало место изнесува M=54,18, додека за адолесцентите кои живеат во поголемо место е 54,93. Стандардното отстапување кај поголемото место на живеење изнесува SD=7,597 и е поголемо од SD=6,275 кај помалото место на живеење.

Табела 10: Т-тест за одредување разлики според големината на местото на живеење во однос на варијаблата депресивност

Independent Samples Test

		Levene's Test for Equality of Variances		t-test for Equality of Means						
									95% Confidence Interval of the Difference	
		F	Sig.	t	df	Sig. (2-tailed)	Mean Difference	Std. Error Difference	Lower	Upper
Depresivnost	Equal variances assumed	,075	,785	,469	73	,640	,756	1,610	-2,453)	3,964
	Equal variances not assumed			,452	54,014	,653	,756	1,673	-2,599)	4,110

Во Табела 10 е претставен t-тест за депресивноста кај адолесцентите според местото на живеење. Бидејќи нивото на значајност во Levene's Test for Equality of Variances изнасува ,785, се претпоставува дека варијансите се хомогени (,785 >0.05). Вредноста на t=(469, df=73, p>0.05), што значи дека не е статистички значаен, односно дека адолесцентите не се разликуваат во однос на депресивноста според големината на местото на живеење.

Табела 11: Дескриптивни статистици на степенот на религиозност на адолесцентите во однос на варијаблата анксиозност

Group Statistics

		N	Mean	Std. Deviation	Std. Error Mean
Anksioznost	Poreligiozni	41	36,10	4,872	,761
	Pomalku religiozni	34	34,82	6,735	1,155

Просечната вредност на адолесцентите кои се порелигиозни изнесува M=36,10, додека за адолесцентите кои се помалку религиозни е M= 34,82. Стандардното отстапување кај порелигиозните адолесценти изнесува SD=4,872 и е помало од SD=6,735 кај помалку религиозните адолесценти.

Табела 12: Т-тест за одредување разлики според степенот на религиозност на адолесцентите во однос на анксиозноста

Independent Samples Test

		Levene's Test for Equality of Variances		t-test for Equality of Means						
									99% Confidence Interval of the Difference	
		F	Sig.	t	df	Sig. (2-tailed)	Mean Difference	Std. Error Difference	Lower	Upper
Anksioznost	Equal variances assumed	5,851	,018	,949	73	,346	1,274	1,343	-2,278)	4,826
	Equal variances not assumed			,921	58,733	,361	1,274	1,383	-2,408)	4,956

Во Табела 12 е претставен t-тест за депресивноста кај адолесцентите според местото на живеење. Бидејќи нивото на значајност во Levene's Test for Equality of Variances изнасува ,018 се претпоставува дека варијансите се хомогени (,018 >0.01). Вредноста на t=(,949, df=73, p>0.01), што значи дека не е статистички значаен, односно дека порелигиозните адолесценти не се разликуваат значајно од помалку религиозните во однос на анксиозноста.

Табела 13: Дескриптивни статистици на степенот на религиозност на адолесцентите во однос на задоволството од животот

Group Statistics

		N	Mean	Std. Deviation	Std. Error Mean
Zadovolstvo od zivotot	Poreligiozni	41	25,71	6,084	,950
	Pomalku religiozni	34	26,76	5,343	,916

Просечната вредност на адолесцентите кои се порелигиозни изнесува M=25,71, додека за адолесцентите кои се помалку религиозни е M= 26,76. Стандардното отстапување кај порелигиозните адолесценти изнесува SD=6,084 и е поголемо од SD=5,343 кај помалку религиозните адолесценти.

Табела 14: Т-тест за одредување разлики според степенот на религиозност на адолесцентите во однос на задоволството од животот

Independent Samples Test

		Levene's Test for Equality of Variances		t-test for Equality of Means						
									99% Confidence Interval of the Difference	
		F	Sig.	t	df	Sig. (2-tailed)	Mean Difference	Std. Error Difference	Lower	Upper
Zadovolstvo od zivotot	Equal variances assumed	,083	,774	-,791)	73	,431	-1,057)	1,336	-4,592)	2,477
	Equal variances not assumed			-,801)	72,738	,426	-1,057)	1,320	-4,549)	2,434

Во Табела 14 е претставен t-тест за степенот на религиозност кај адолесцентите во однос на задоволството од животот. Бидејќи нивото на значајност во Levene's Test for Equality of Variances изнасува ,774, се претпоставува дека варијансите се хомогени (,774 >0.01). Вредноста на t=(-,791, df=73, p>0.01), што значи дека не е статистички значаен, односно дека порелигиозните адолесценти не се разликуваат значајно од помалку религиозните во однос на задоволството од животот.


Табела 15: Корелација меѓу варијаблите задоволството од животот и анксиозноста

Correlations

		Zadovolstvo od zivotot	Depresivnost
Zadovolstvo od zivotot	Pearson Correlation	1	,393**
	Sig. (2-tailed)		,000
	N	75	75
Depresivnost	Pearson Correlation	,393**	1
	Sig. (2-tailed)	,000	
	N	75	75

**. Correlation is significant at the 0.01 level (2-tailed).

Според резултатите од Табела 15, коефициентот на корелација изнесува r= ,393, p < .001, од каде што можеме да заклучиме дека постои статистички значајна поврзаност помеѓу варијаблите задоволство од животот и депресивноста, односно со зголемување на задоволството од животот, се намалува депресивноста.



Графикон 8: Корелација помеѓу варијаблите задоволство од животот и депресивноста

На Графикон 8 е претставена корелацијата меѓу депресивноста и задоволството од животот, односно двете варијабли се движат во иста насока, каде што на x-оската се наоѓаат постигнувањата за депресивност, а на y-оската постигнувањата на варијаблата задоволство од животот, од каде што може да се забележи дека со зголемување на задоволството од животот, се намалува депресивноста.

ДЕЛ IV. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Факт е дека религијата, како и која било друга појава во општеството, не може целосно да ги реши проблемите на луѓето, било да се тие економски, политички, семејни. Да било така, таа не би попуштила пред предизвиците со кои се соочувала низ својата историска егзистенција. Но не е само религијата таа која не може да ги реши и да ги надмине сите предизвици со кои се соочува човекот. Не можела да ги реши ни нацијата која се јавила како алтернатива или замена на религијата (судирот на нациите кој прерасна во Две светски војни е еклатантен пример: никогаш не настанале повеќе нации отколку во периодот на тие Две светски војни); не можела да ги реши ни Револуцијата која проголтала повеќе животи отколку сите верски војни во историјата; не може да ги реши ни демократијата која е денес резултат на глобализациските трендови; не може тоа да го направи ни техничкиот развој, чие чедо е и загадувањето, а колку животи тоа однесува никој не знае. Демократијата често се нарекува „световна религија“. Таа всушност сака да го покрие целиот живот на човекот. Дека таа се покажува недоволно силна на полето на решавањето на егзистенцијалните проблеми на луѓето, покажува современата реалност со која се соочуваме секојдневно.

Религијата, која беше цел да се испитува во овој магистерски труд, е онаа која како дел од вредносниот систем во семејството, посебно со интернализирањето на истата од страна на адолесцентите, почнувајќи од семејниот круг, врсниците, училишното опкружување и секаде каде што младата личност допира, може да има драгоцено влијание. Религијата за која тука се пишува е таа која може да даде смисла, вредност и значење на животот. За да им помогне на младите во формирањето на моралниот идентитет, треба да биде нивен личен избор, како што истакнува теологот Артур Нок при поделбата на религијата на „конверзија“, односно религија на личен избор и „атхезија“, религија која е само наследена од општеството, која со самото тоа што не е нивен личен избор, туку наследство, тие ја доживуваат како наметната и задолжителна и не ја чувствуваат и доживуваат како помош во формирањето на идентитетот. Во прилог на ова оди и поделбата на Џон Џуи на „внатрешна религиозност“ и „држење надворешни

форми“, каде токмку внатрешното практикување на религијата, која адолесцентот ја прифаќа и сака како добра сама по себе, може да даде посакувани резултати. Практичната вера која произлегува од довербата во „Семоќниот“ личниот однос и комуникација, поврзаноста со „Повисокиот“ може да го обои сивото секојдневие со боите на љубовта, да ги обогати односите, да го оплемени животот во сите области. Токму моралната зрелост која е цел самата за себе, но е и показател на ментално зрела личност, не е само пуста желба, туку и остварлива реалност. Сепак, моралната зрелост се постигнува кога младата личност сликата за тоа што е добро, а што лошо престанува да ја гради врз тоа како родителите ѝ ја цртаат, туку кога самата ја усвојува според нејзиниот вредносен систем за добра или лоша. Кога како таква и ја прифаќа како своја т.е. ја интернализира, може на голема врата да помогне во унапредување на менталното здравје, личната среќа и задоволството од животот.

Бидејќи секоја религија не може да се замисли без својот вредносен или морален систем, во европските општества се сè погласни повиците за помошта што може да ја понуди религијата со нејзината партиципација во општествениот живот, а посебно во образовно-воспитниот систем од градинките, па до универзитетите.

Факт е дека македонското општество е религиозно, како што, впрочем, покажуваат повеќе истражувања за религијата и моралните вредности кај младите, односно кај адолесцентите во Република Северна Македонија. Меѓутоа, религиозноста доколку не се идеологизира, во голема мера може да придонесе за зајакнување на моралната свест. Моралноста мора да се согледува како вредност ‘per se‘. Или таа да не се смета за сопственост на една религија. Она што најмногу ги обединува религиите е токму овој аспект – моралитетот.

Оттука, секое истражување за улогата, односно за влијанието на моралот, но пред сè, за религиските вредности врзани за него, е добредојдено, со цел да се востанови поголема хуманизација во едно општество, преку подобрување на менталното здравје и самиот квалитет на животот.

Во изминативе истражувања фокусот беше насочен на перцепцијата на граѓаните за улогата на религијата и верските институции во неколку сфери од општеството. Почнувајќи од градењето на меѓуверска доверба, почит и толеранција, па преку односот и улогата на религијата во изборните кампањи и политиката, па сѐ до влијанието на религијата во образованиот процес на луѓето и нивното темелно или површно познавање на сопствената и религијата на различниот од себе. Во сите овие истражувања целна група беше општата популација во државата.

Ова истражување претставено во магистерскиот труд *Влијанието на религијата врз менталното здравје и квалитетот на живот кај адолесцентите,* претставува специјализиран, посебен пристап и имаше за цел да ја отслика перцепцијата на младите во државата за религијата и нејзиното влијание врз менталното здравје и квалитетот на животот. Така, во истото истражување е опфатена само младата популација од државата.

Во ова истражување се обидовме да испитаме дали адолесцентите кои се религиозни полесно го формираат својот морален идентитет, за разлика од оние кои не се религиозни. Од вака поставениот проблем произлегоа и целите, кои се однесуваа на тоа да се утврди поврзаноста или неповрзаноста на религијата врз моралните вредности на адолесцентот; да се намали недоличното однесување кај адолесцентите со помош на моралните вредности; да се намали степенот на депресија кај адолесцентите преку самоспознавање и пронаоѓање на смислата на постоењето; како и да се унапреди менталното здравје кај адолесцентите, во смисла на поквалитетен и поисполнет живот со превенција на штетните и деструктивни навики, како што се: пушењето, пиењето алкохол и употребата на наркотични средства, кои би можеле да доведат до вознемирувачко искуство (анксиозност).

Во ова истражување генералната хипотеза е дефинирана во облик на исказ на континуитет и гласи „Религиозноста придонесува за подобро ментално здравје и подобар квалитет на животот кај адолесцентите“. Како посебни хипотези кои произлегуваат од општата хипотеза се поставени следните: „Со зголемување на религиозноста, се зголемува задоволството од животот кај адолесцентите“, „Со зголемување на религиозноста, се намалува депресивноста кај адолесцентите“, „Со зголемување на религиозноста, се

намалува анксиозноста кај адолесцентите“, „Адолесцентите од женски пол се порелигиозни и позадоволни од животот од адолесцентите од машки пол“, „Адолесцентите од помало место на живеење се порелигиозни и позадоволни од животот од адолесцентите од поголемо место на живеење“, „Помалку религиозните адолесценти се поанксиозни и подепресивни од порелигиозните“, „Порелигиозните адолесценти имаат поголемо задоволство од животот“ и „Со зголемување на задоволството од животот се намалува депресивноста“. Со дефинирање на предметот на истражувањето беа определени и варијаблите и тоа се: религиозноста, депресивноста, анксиозноста и задоволството од животот, а како релевантни варијабли, определени се: полот, возраста, училишниот успех и големина на место на живеење. Во истражувањето беше користен неекспериментален метод, а техниките се засновани на усна и писмена комуникација (прашалник и скала на процена). Инструментите кои беа користени во истражувањето се: 1. Скала за процена на религиозноста; 2. Бекова скала за процена на депресијата; 3. Цунгова скала за анксиозност; и 4. Скала за задоволство од животот. Добиените податоци беа обработени со SPSS Statistics програма version 26.0, и Microsoft Excel, со соодветен графички приказ на добиените параметри и интерпретација на истите. Добиените податоци по нивното собирање се обработени на ниво на дескриптивна статистика (фреквенции, проценти и базичните статистички показатели), прикажани преку табели и графикони. Корелациски беше применет Пирсонов коефициент на корелација. Популацијата на ова истражување ја сочинува група испитаници од Република Северна Македонија. Популацијата се адолесценти на возраст од 13 до 19 години од христијанска (православна и протестантска) вероисповед.

По завршувањето на сите фази на научното истражување, согласно целите на испитувањето кај примерокот на испитаници, се добија следниве сознанија:

Во ова истражување е користена дескриптивната статистика за добивање на информации за фреквенцијата, аритметичката средина и стандардната девијација на социодемографскиот профил на испитуваната популација, која го сочинува примерокот. Во испитуваната група помал е бројот на машки испитаници, поточно 22 машки или 29%, додека припадничките на женскиот пол учествуваат со 53 испитаници, односно 71%.

Средната возраст на испитаниците е 16 години, со распон од најмладиот додека останатите 45 испитаници или 60 % се од помало место на живеење. на 13-годишна возраст, до највозрасниот на 19 години. Најголем процент се на 17-годишна возраст. Според местото на живеење, 30 испитаници се од поголемо место на живеење или 40 %,

Понатаму, од спроведеното истражување преку наодите од дескриптивната статистика, може да се заклучи дека вредноста на просечната религиозност на испитаниците укажува дека нема големо просечно отстапување од аритметичката средина. Вредноста на просечната депресивност на испитаниците укажува дека нема големо просечно отстапување од аритметичката средина. Вредноста на просечната анксиозност на испитаниците укажува дека нема големо просечно отстапување од аритметичката средина. Понатаму, вредноста на просечната вредност на варијаблата квалитет на живот на испитаниците укажува дека нема големо просечно отстапување од аритметичката средина. Според резултатите, можеме да заклучиме дека не постои значајна статистичка поврзаност помеѓу варијаблите религиозност и задоволство од животот, односно двете варијабли се движат во иста насока, и нивната корелација не е статистички значајна. Воедно, од добиените резултати, може да се заклучи дека не постои значајна статистичка поврзаност помеѓу варијаблите религиозност и депресивност, што значи дека со зголемување на религиозноста, не се намалува степенот на депресивнот. Анализирајќи ја корелацијата меѓу религиозноста и депресивноста, се забележува дека нивната корелација не е статистички значајна. Според резултатите, може да се заклучи дека не постои значајна статистичка поврзаност помеѓу варијаблите религиозност и анксиозност, што значи дека со зголемување на религиозноста, не се намалува анксиозноста. Просечната вредност на религиозноста за жените изнесува M=128,47, додека за мажите е 120,36, а стандардното отстапување кај мажите SD=24,663 е поголемо од SD=16,565 кај жените, што значи дека не е статистички значаен, односно дека мажите и жените не се разликуваат значајно во однос на религиозноста. Од друга страна пак, просечната вредност на задоволството од животот за жените изнесува M=26,60, додека за мажите е 25,18, а стандардното отстапување кај мажите SD=1,432 е поголемо од SD=0,729 кај жените, што значи дека не е статистички значаен, односно дека мажите и жените не се разликуваат значајно во однос на задоволството од животот. Просечната вредност на адолесцентите

кои живеат во помало место изнесува M=54,18, додека за адолесцентите кои живеат во поголемо место е 54,93, а стандардното отстапување кај поголемото место на живеење изнесува SD=7,597 и е поголемо од SD=6,275 кај помалото место на живеење, што значи дека не е статистички значаен, односно дека адолесцентите не се разликуваат во однос на депресивноста според големината на местото на живеење. Просечната вредност на адолесцентите кои се порелигиозни изнесува M=36,10, додека за адолесцентите кои се помалку религиозни е M= 34,82, а стандардното отстапување кај порелигиозните адолесценти изнесува SD=4,872 и е помало од SD=6,735 кај помалку религиозните адолесценти, што наведува на фактот дека не е статистички значаен, односно дека порелигиозните адолесценти не се разликуваат значајно од помалку религиозните во однос на анксиозноста. Просечната вредност на адолесцентите кои се порелигиозни изнесува M=25,71, додека за адолесцентите кои се помалку религиозни е M= 26,76, а стандардното отстапување кај порелигиозните адолесценти изнесува SD=6,084 и е поголемо од SD=5,343 кај помалку религиозните адолесценти, што укажува на тоа дека дека не е статистички значаен, односно дека порелигиозните адолесценти не се разликуваат значајно од помалку религиозните во однос на задоволството од животот. Според резултатите може да се заклучи и тоа дека постои статистички значајна поврзаност помеѓу варијаблите задоволство од животот и депресивноста, односно со зголемување на задоволството од животот, се намалува депресивноста.

Ограничувања во истражувањето

Иако ова истражување е помеѓу малкуте од овој вид на нашата територија, кое ги поврзува религијата со менталното здравје и квалитетот на животот кај адолесцентите, истото е од големо значење и претставува солидна основа за понатамошни посериозни истражувања, сепак, истото има и одредени ограничувања кои влијаат на добиените резултати.

Истражувањето беше спроведено на релативно мал број испитаници - пригоден примерок во услови на глобална криза од секој аспект (политички, економски,

здравствен). Внимателноста и мерките поради возраста на испитаниците влијаеја на можноста и достапноста на поголем број испитаници. Во ова истражување не беа предвидени други релевантни варијабли (социјалниот статус итн), што е можност за понатамошни идни истражувања.

Добиените податоци од пригодниот примерок не се репрезентативни и не може да се генерализираат на целата популација адолесценти во државата.

Препораки и сугестии

Вниманието во истражувачкиот дел на трудот е посветено на младата популација на државата, како еден од прогресивните сегменти на општеството, или попрецизно, кон адолесцентите. Анализите покажуваат дека ваков тип на истражувања недостасуваат во нашата земја, но тие можат да бидат своевиден добар показател на размислувањето на младите. Во јавноста сега нема точни податоци за тоа колку од младите се религиозни, како ја градат сликата за религијата, колку нивната национална припадност се поклопува со верската.

Една таква анализа е неопходна затоа што многу често младите се наоѓаат во улога на главни или споредни актери во процеси кои можат да имаат сериозен одраз врз јавната свест, а се поврзани или со политички или со религиски тематики.

Од друга страна, ова истражување ќе им помогне и на самите верски заедници за да ја доловат сликата за ставовите што младите ги имаат кон нив и нивните активности. Ќе можат да имаат реална претстава на тоа дали и колку младите се блиску до верата, или пак дали и колку тие се разидуваат со верските заедници. Тоа е добра можност и за самите верски заедници да градат анализи како да останат блиску до младата популација во државата со цел подобрување на нивното ментално здравје и подобрување на квалитетот на животот.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Allport, G. W. i Ross, J. M. (1967). Personal Religious Orientation and Prejudice. Journal of Personality and Social Psychology, 5(4), 432-443.

Aebi, M., Giger, J., Plattner, B., Metzke, C. W., & Steinhausen, H. C. (2014). Problem coping skills, psychosocial adversities and mental health problems in children and adolescents as predictors of criminal outcomes in young adulthood. European Child & Adolescent Psychiatry, 23(5), 283-293

Anderson, Benedikt. (1983). Nacija, zamisljena zaednica. Zagreb: Skolska knjiga

Boyle, M. H., Georgiades, K., Racine, Y., & Mustard, C. (2007). Neighborhood and Family Influences on Educational Attainment: Results from the Ontario Child Health Study Follow-Up 2001. Child Development, 78(1), 168–189

Bakken, A. (2018). Ungdata 2018: Nasjonale resultater. (Nova-rapport 8/2018). Retrieved from http://www.hioa.no/Om-OsloMet/Senter-forvelferds-og

Bremberg, S., & Dalman, C. (2015). Begrepp, mätmetoder och förekomst av psykisk hälsa, psykisk ohälsa och psykiatriska tillstånd hos barn och unga: En kunskapsöversikt. Stockholm, Sweden: Forte

Bandura (1991). Social Cognitive Theory of Moral Thought and Action. U W. M. Kurtines, J. L. Gewirtz (ur.), Handbook of Moral Behavior and Development, 1 (str. 45-103). Hillsdale, NJ: Lawrence Erlbaum Associates.

Bøe, T., Øverland, S., Lundervold, A. J., & Hysing, M. (2012). Socioeconomic status and children's mental health: Results from the bergen child study. Social Psychiatry and Psychiatric Epidemiology, 47(10), 1557-1566

Burns, B. J., Costello, E. J., Angold, A., Tweed, D., Stangl, D., Farmer, E. M., et al. (1995). Children's mental health service use across service sectors. Health Affairs, 14, 147–159.

Csikszentmihalyi, M. (2002). Flow: The psychology of happiness: The classic work on how to achieve happiness. London, UK: Rider

Crapps, R. W. (1986). An Introduction to Psychology of Religion. Georgia: Mercer University Press.

Ćubela Adorić, V. (2004). Skala zrelosti religioznosti. U Proroković, A., Lacković-Grgin, K., Ćubela Adorić, V. i Penezić, Z. (ur.), Zbirka psihologijskih skala i upitnika, Sv.2.

Curčič V. (1985). Identitet mladih — između krize i nekih poremečaja ličnosti, »Psihijatrija danas, Beograd,br. 1-2

Clarke, P. J., Marshall, V. W., Ryff, C. D., & Rosenthal, C. J. (2000). Well-being in Canadian seniors: Findings from the Canadian Study of Health and Aging. Canadian Journal on Aging, 19, 139–159

Dušanić, S., Šašić, N., Eraković, A. (2015). Religijski identitet mladih u Republici Srpskoj. U: Knjiga sažetaka sa naučnog skupa Savremeni trendovi u psihologiji. Novi Sad: Filozofski fakultet

Dardas, L. A., Silva, S. G., Smoski, M. J., Noonan, D., & Simmons, L. A. (2017). Adolescent depression in jordan: Symptoms profile, gender differences, and the role of social context. Journal of Psychosocial Nursing and Mental Health Services, 56(2), 44-55

Dragun, A. (2007). Utjecaj preferiranja konzistencije na odnos religiozne orijentacije i prosocijalnog ponašanja. Magistarski rad. Zagreb: Odsjek za psihologiju Sveučilišta u Zagrebu

Dušanić, S., Šašić, N., Eraković, A. (2015). Religijski identitet mladih u Republici Srpskoj. U: Knjiga sažetaka sa naučnog skupa Savremeni trendovi u psihologiji. Novi Sad: Filozofski fakultet.

Dragun, A. (2001). Povezanost religiozne orijentacije, seksualnosti i prosocijalnosti. Društvena istraživanja: časopis za opća društvena pitanja, 12(1-2), 201-223

Evensen, M., Lyngstad, T. H., Melkevik, O., Reneflot, A., & Mykletun, A. (2017). Adolescent mental health and earnings inequalities in adulthood: Evidence from the young-hunt study. Journal of Epidemiology and Community Health, 71(2), 201-206.

Fowler, J. W. (1981). Stages of Faith: The Psychology of Human Development and the Quest for Meaning. San Francisco: Harper

Froh, J. J., Miller, D. N., & Snyder, S. (2007). Gratitude in children and adolescents: Development, assessment, and school-based intervention. School Psychology Forum, 2, 1–13

Friedrich, A. A., Raffaele Mendez, L. M., & Mihalas, S. T. (2010). Gender as a factor in school-based mental health service delivery. School Psychology Review, 39(1), 122-136

Gustafsson, J.-E., Allodi Westling, M., Alin Åkerman, B., Eriksson, C., Eriksson, L., Fischbein, S., Persson, R. S. (2010). School, learning and mental health: A systematic review. Stockholm: Kungl. Vetenskapsakademien

Dorn L. D.; Biro F. M. (2011). „Puberty and Its Measurement: A Decade in Review“. Journal of Research on Adolescence. 21 (1): 180–195

Derdikman-Eiron, R., Indredavik, M. S., Bakken, I. J., Bratberg, G. H., Hjemdal, O., & Colton, M. (2012). Gender differences in psychosocial functioning of adolescents with symptoms of anxiety and depression: Longitudinal findings from the nord-trøndelag health study. Social Psychiatry and Psychiatric Epidemiology, 47(11), 1855-186

Derdikman-Eiron, R., Indredavik, M. S., Bakken, I. J., Bratberg, G. H., Hjemdal, O., & Colton, M. (2012).

Erih From (2017). Umeće ljubavi. Beograd: Vulkan, стр. 96-98

Fröjd, S. A., Nissinen, E. S., Pelkonen, M. U., Marttunen, M. J., Koivisto, A.-M., & Kaltiala-Heino, R. (2008). Depression and school performance in middle adolescent boys and girls. Journal of Adolescence, 31(4), 485-498

Helland, M. S., & Mathiesen, K. S. (2009). 13-15-åringer fra vanlige familier i norge: Hverdagslivog psykisk helse [13-15 years old from ordinary families in Norway: Everyday life and mental health] (Vol. 2009:1). Oslo: Folkehelseinstituttet

Hall, R., J. Davis (1987). Moral Education in Theory and Practice. New York: Prometheus Books

Hren, D. (2008). Utjecaj visokoškolskog obrazovanja na razvoj moralnog rasuđivanja osoba mlađe odrasle dobi. Doktorska disertacija. Zagreb: Filozofski fakultet

Helland, M. S., & Mathiesen, K. S. (2009). 13-15-åringer fra vanlige familier i norge: Hverdagsliv og psykisk helse [13-15 years old from ordinary families in Norway: Everyday life and mental health] (Vol. 2009:1). Oslo: Folkehelseinstituttet

Havinghurst R. J. (1965). A Cross-National Study of Buenos Aires and Chicago Adolescents, Basel, New York

Holen, S., & Waagene, E. (2014). Psykisk helse i skolen: Utdanningsdirektoratets spørreundersøkelse blant lærere, skoleledere og skoleeiere. Oslo: Nordisk institutt for studier av innovasjon, forskning og utdanning

Havik, T., Bru, E., & Ertesvåg, S. K. (2014). Parental perspectives of the role of school factors in school refusal. Emotional and Behavioural Difficulties, 19(2), 131-153

Hetlevik, Ø., Bøe, T., & Hysing, M. (2018). Gp-diagnosed internalizing and externalizing problems and dropout from secondary school: A cross sectional study. European Journal of Public Health, 28(3), 474-479

Erikson, E. (1976). Omladina, kriza, identifikacija, Pobjeda, Titograd

Irwin, C. E., Burg, S. J., & Cart, C. U. (2002). Amer ica's adolescents: Where have we been, whereare we going? Journal of Adolescent Health, 31, 91–121

Inchley, J., & Currie, D. (2013). Growing up unequal: Gender and socioeconomic differences in young people's health and well-being. Health Behaviour in School-aged Children (HBSC) study: international report from the, 2014, 2-3

Janakov, B. (1988) Psihologija samosvesti, Istraživačko-izdavački centar SSO Srbije, Novi Beograd

Jane Gillham, Zoe Adams-Deutsch, Jaclyn Werner, Karen Reivich, Virginia Coulter-Heindl, Mark Linkins, Breanna Winder, Christopher Peterson, Nansook Park, Rachel Abenavoli, Angelica Contero & Martin E.P. Seligman (2011). Character strengths predict subjective well-being during adolescence, The Journal of Positive Psychology, 6:1, 31-44

Kvarme, L. G., Helseth, S., Sæteren, B., & Natvig, G. K. (2010). School children's experience of being bullied - and how they envisage their dream day. Scandinavian Journal of Caring Sciences, 24(4), 791-798

Kant, I. (1981). Kritika praktičkog uma, Beograd, BIGZ, 1990. Kant, I: Zasnivanje metafizike morala, BIGZ, Beograd

Kohlberg, Lawrence (1968). „The child as a moral philosopher" u Psychology Today, New York: Sussex Publishers, vol. 2, str. 25-30

Kohlberg, L. i Hersh, R. H. (1977). Moral development: A review of the theory. Theory into practice, 16(2), 53-59.

Крамариќ, Златко (2010). Идентитет, текст, нација. Скопје: Табернакул

Lackovič-Grgin, K., Božičevič, V., Milosavljevč, B. & Rijavec, M. (1988). Problemi adolescenata iz gradskih sredina, Zavisnost tih problema od nekih ličnih, socio-demografsk interpersonalnih faktora „Narodnilist", Zadar

Leutar, Z., Josipović, A. M. (2008). Neke dimenzije religioznosti mladih. Nova prisutnost: časopis za intelektualna i duhovna pitanja, 6(3), 397-420

McGuira, M., Religion. (1992). The Social Context, Wadsworth Publishing Compan Bel mont, I. Furseth, P. Repstad, An Introduction to the Sociology of Religion, Clas sical and Contemporary Perspectives, Ashgate, Abigdon, 2006

Mirić, J. (2001). Razvoj moralnog mišljenja. Kalekom i Institut za psihologiju Filozofskog fakulteta u Beogradu. Beograd. Poglavlje: Moral i razvoj

McKennell, A. C. (1978). Cognition and affect in perceptions of wellbeing. Social Indicators Research, 5, 389–426

Maton, K. I. (1990). Meaningful involvement in instrumental activity and well-being: Studies of older adolescents and at risk urban teen-agers. American Journal of Community Psychology, 18(2), 297–320

Macedonian Bible 073 UBS_EPS 2007United Bible Societies ISBN978-9989-839-12-2стр.238

Moen, Ø. L., & Hall-Lord, M. L. (2018). Adolescents' mental health, help seeking and service use and parents' perception of family functioning. Nordic Journal of Nursing Research, 39(1), 1-8

Myyri, L. (2003). Components of Morality: A Professional Ethics Perspective on Moral Motivation, Moral Sensitivity, Moral Reasoning and Related Constructs Among University Students. Academic Dissertation. Helsinki: Department of Social Psychology, University of Helsinki

Nikolić S. (1988). Mentalni poremećaj u djece i omladine, Školska knjiga Zagreb

Neugarten, B. L. (1973). Personality change in late life: A developmental perspective. In C. Eisdorfer & M. P. Lawton (Eds.), The psychology of adult development and aging (pp. 311–335). Washington, DC: American Psychological Association

Oldehinkel, A. J., & Bouma, E. M. (2011). Sensitivity to the depressogenic effect of stress and hpa-axis reactivity in adolescence: A review of gender differences. Neuroscience & Biobehavioral Reviews, 35(8), 1757-1770

Ossowska, M. (1971). Psihologija morala, Sarajevo, Zavod za izd. udžb., 1971

Pavot, W. & Diener, E. (2008). The Satisfaction With Life Scale and the emerging construct of life satisfaction. The Journal o f Positive Psychology, 3(2), 137-152

Piko, B. F. (2006). Burnout, Role Conflict, Job Satisfaction and Psychosocial Health among Hungarian Health Care Staff: A Questionnaire Survey. International Journal of Nursing Studies, 43, 311-318

Piaget, J. (1932). The moral judgement of the child, London, Routledge & Kegan Paul

Parent, A. S., Teilmann, G., Juul, A., Skakkebaek, N. E., Toppari, J., & Bourguignon, J. P. (2003). The timing of normal puberty and the age limits of sexual precocity: Variations around the world, secular trends, and changes after migration. Endocrine Reviews 24, 668–693

Raphael, D., Renwick, R., Brown, I., & Rootman, I. (1996). Quality of life indicators and health: Current status and emerging conceptions. Social Indicators Research, 39, 65–88.

Robins, R. W., John, O. P., & Caspi, A. (1998). The typological approach to studying personality. In R. B. Cairns, L. R. Bergman, & J. Kagan (Eds.), Methods and models for studying the individual: Essays in honor of Marian Radke-Yarrow (pp. 135–160). Thousand Oaks, CA: Sage

Reneflot, A., Aarø, L. E., Aase, H., Reichborn-Kjennerud, T., Tambs, K., & Øverland, S. (2018)

Rivet-Duval, E., Heriot, S., & Hunt, C. (2011). Preventing adolescent depression in Mauritius: A universal school-based program. Child & Adolescent Mental Health, 16(2), 86-91

Rest, J., Narvaez, D., Thoma, S. i Bebeau, M. (2000). A Neo-Kohlbergian Approach to Morality Research. Journal of Moral Education, 29(4), 381-395.

Ryff, C. D., & Keyes, C. L. M. (1995). The structure of psychological well-being revisited. Journal of Personality and Social Psychology, 69, 719–727

Ryff, C. D., Schmutte, P. S., & Lee, Y. H. (1996). How children turn out: Implications for parental self-evaluation. In C. D. Ryff & M. M. Seltzer (Eds.), The parental experience in midlife (pp. 383–422). Chicago: University of Chicago Press

Rohde H., Burandt E. C., Siemssen N., Frommelt L., Burdelski C., Wurster S., et al. (2007). Polysaccharide intercellular adhesin or protein factors in biofilm accumulation of Staphylococcus epidermidis and Sin, N. L., & Lukes, Steven; Carrithers, Michael; Collins, Steven, eds. (1987). The Category of the Person: Anthropology, Philosophy, History. Cambridge: Cambridge University Press

Lunn, Arnold, and Garth Lean (1964). The New Morality. London: Blandford Press

Lyubomirsky, S. (2009). Enhancing well-being and alleviating depressive symptoms with positive psychology interventions: A practice-friendly meta-analysis. Journal of Clinical Psychology, 65, 467-487

Staphylococcus aureus isolated from prosthetic hip and knee joint infections. Biomaterials 28, 1711–1720

Strack, F., Schwarz, N., & Gschneidinger, E. (1985). Happiness and reminiscing: The role of time perspective, affect, and mode of thinking. Journal of Personality and Social Psychology, 49, 1460–1469

Skrove, M., Romundstad, P., & Indredavik, M. S. (2013). Resilience, lifestyle and symptoms of anxiety and depression in adolescence: The young hunt study. Social Psychiatry and Psychiatric Epidemiology, 48(3), 407-416

Skogen, J. C., Smith, O. R., Aarø, L. E., Siqveland, J., & Øverland, S. (2018). Barn og unges psykiske helse: Forebyggende og helsefremmende folkehelsetiltak. En kunnskapsoversikt. Oslo: Folkehelseinstituttet

Štajner-Popovič,, T, Rakič V. (1987) Psihodinamika osečajnog života adolescenata u funkciji kulture — dileme za praksu, »Psihijatrija danas« br.4, Beograd.

Shweder, R., Goodnow, J., Hatano, G., LeVine, R., Markus, H. i Miller, P. (1998). The cultural psychology of development: One mind, many mentalities. U Damon, W. (ur.), Handbook of child psychology, (Vol 1). New York: Wiley

Steffenak, A. K. M., Nordström, G., Wilde-Larsson, B., Skurtveit, S., Furu, K., & Hartz, I. (2012). Mental distress and subsequent use of psychotropic drugs among adolescents—a prospective register linkage study. Journal of Adolescent Health, 50(6), 578-587

Valois, R. F., Paxton, R. J., Zullig, K. J., & Huebner, E. S. (2010). Substance abuse behaviors and life satisfaction among middle school adolescents. Adolescent and Family Health, 5(1), 27–37

Verkuyten, M., & Thijs, J. (2002). School satisfaction of elementary school children: The role of performance, peer relations, ethnicity, and gender. Social Indicators Research, 59, 203–228

Wasserman, D., Hoven, C. W., Wasserman, C., Wall, M., Eisenberg, R., Hadlaczky, G., Carli, V. (2015). School-based suicide prevention programmes: The seyle cluster-randomised, controlled trial. The Lancet, 385(9977), 1536-1544

WHO. (2013). The european mental health action plan. Objectives. Retrieved from http://www. euro. who. int/__data/assets/pdf_file/0004/194107/63wd11e_MentalHealth-3.

WHO. (2018b). Mental health: Strengthen our response. Fact sheets. Retrieved From https://www.who.int/en/news-room/fact-sheets/detail/mentalhealth-strengthening-our-response

WHO. (2014). Health for the world's adolescents: A second chance in the second decade: Summary

Yandell, Keith E. (1973). God, man, and religion: readings in the philosophy of religion. McGraw-Hill. containing articles by Paterson Brown

Žlebnik, L. (1972) Psihologija deteta i mladih, III deo, adolescencija — mladost, DELTA-PRES

Wright, D. (1975). The Psychology of Moral Behaviour, Harmondsworth, Penguin Books Ltd., 1975, str. 237.

Zill, N., & Schoenborn, C. A. (1990). Developmen tal, learning, and emotional problems: Health ofour nation's children, United States, 1988. InAd vance data from vital and health statistics (No.190). Hyattsville, MD: National Center forHealth Statistics

https://www.who.int/news-room/fact-sheets/detail/adolescent-mental-health

https://www.stetoskop.info/zdravlje-mladih/bazicne-dimenzije-licnosti-i-moralno-rasudjivanje-adolescenata

http://www.enciklopedija.hr/Natuknica.aspx?ID=41862

ПРИЛОГ – ИНСТРУМЕНТИ

Прашалник за процена на религиозноста

		Воопшто не се согласувам	Не се согласувам	Малку не се согласувам	Ниту се согласувам, ниту не се согласувам	Малку се согласувам	Се согласувам	Целосно се согласувам
		1	2	3	4	5	6	7
1.	Мојот живот е исполнет со смисла							
2.	Често разговарам со други луѓе за својата вера							
3.	Чуствувам дека сум преоптеретен/а со обврски и должности							
4.	Вистински чуствувам дека Бог/Алах го води мојот живот							
5.	Понекогаш ги слушам моите школски другари па ќе испушам понекоја цигара или ќе се напијам алкохол							
6.	Знам дека Бог/Алах ме сака без разлика на тоа што јас правам							
7.	Редовно читам Света Книга (Библија, Куран)							
8.	Мојата вера влијае на тоа како ќе размислувам и како ќе се однесувам во секојдневниот живот							
9.	Наклонет/а сум кон тоа да ги критикувам другите луѓе							
10.	Многу внимавам на моето физичко здравје							
11.	Верувам дека ако сакам да бидам спасен треба да живеам по правилата и заповедите на Бог/Алах							
12.	Имам посебно одредено време кога се молам							
13.	Многу тешко можам да се прифатам самиот/а себе							
14.	Сексот е дозволен само во бракот							
15.	Секоја недела барем еднаш одам во Црква/Џамија							
16.	Ако сакаш Бог/Алах да те прифати, искрено труди се да живееш чесно							
17.	Неможам да разберам како Бог/Алах кој е љубов може да дозволи толку страдање и болка на овој свет							

		1	2	3	4	5	6	7
18.	Колку повеќе ги почитувам верските правила, толку повеќе имам надеж дека ќе бидам спасен							
19.	Мојот живот е исполнет со стрес и вознемиреност							
20.	Јас ги прифаќам луѓето кои имаат поразлична религија од мојата							
21.	Се плашам дека нема да бидам подготвен за Второто Христово доаѓање /судниот ден							
22.	Кафето, цигарите, алкохолот и дрогата не треба да се користат дури ни во мали количини							
23.	Чуствувам дека луѓето во Црквата/Џамијата ме сакаат и ме прифаќаат таков каков што сум							
24.	Бог/Алах им забранил на луѓето да јадат свинско месо							
25.	Обично луѓето се смеат и се чудат кога ќе слушнат што се религијата им забранува на верниците							
26.	Мојот иден брачен другар ќе припаѓа на иста верска деноминација во кој/а сум и јас							
27.	Верниците од мојата Црква/Џамија живеат онака како што веруваат и кажуваат дека треба да се живее							

Бекова скала за процена на депресијата

1. 0. Не сум тажен/а.
   1. Тажен/а сум.
   2. Тажен/а сум цело време и не можам да се отргнам од тоа.
   3. Толку сум тажен/а или несреќен/а, што тоа не можам да го поднесам.

2. 0. Не сум посебно обесхрабрен/а во однос на иднината.
   1. Обесхрабрен/а сум во однос на иднината.
   2. Чувствувам дека нема на што да се надевам.
   3. Чувствувам дека иднината ми е безнадежна и дека работите не можат да се поправат.

3. 0. Не се чувствувам промашено.
   1. Чувствувам дека сум промашил/а повеќе од просечен човек.
   2. Кога размислувам за својот живот се што гледам е мноштво од промашувања.
   3. Чувствувам дека сум целосно промашен/а како човек.

4. 0. Чувствувам задоволство во се како и порано.
   1. Не уживам веќе во работите како порано.
   2. Повеќе немам вистинско задоволство во ништо.
   3. Чувствувам незадоволство и досада во се.

5. 0. Не чувствувам некоја посебна вина .
   1. Чувствувам вина доста често.
   2. Воглавно се чувствувам виновен/а.
   3. Чувствувам вина постојано.

6. 0. Не чувствувам дека сум казнет/а.
   1. Чувствувам дека можеби ке бидам казнет/а.
   2. Очекувам да бидам казнет/а.
   3. Чувствувам дека сум казнет/а.

7. 0. Не чувствувам дека сум разочаран/а од самиот/та себе.
   1. Разочаран/а сум од самиот/та себе.
   2. Се гадам од себе.
   3. Се мразам самиот/та себе.

8. 0. Не чувствувам дека сум полош/а од другите.
   1. Критичен/а сум во однос на своите слабости и грешки.
   2. Постојано се обвинувам себеси за своите грешки.
   3. Се обвинувам себеси за се лошо што се случува.

9. 0. Не размислувам да се убијам.
   1. Размислувам за самоубиство, но тоа не би го направил/а.
   2. Сакам да се убијам.
   3. Би се убил/а доколку имам прилика тоа да го направам.

10. 0. Не плачам често отколку вообичаеното.
    1. Плачам повеќе од порано.
    2. Постојано плачам.
    3. Порано можев да плачам, но сега веќе неможам иако чувствувам потреба.

11. 0. Не чувствувам дека сум раздразлив/а отколку вообичаено.
    1. Раздразлив/а сум и се вознемирувам полесно отколку претходно.
    2. Постојано сум раздразлив/а.
    3. Повеќе не ме иритираат работите кои порано би ме иритирале.

12. 0. Немам изгубено интерес за другите луѓе.
    1. Помалку се интересирам за другите луѓе отколку порано.
    2. Воглавно изгубив интерес за другите луѓе.
    3. Потполно изгубив интерес за другите луѓе.

13. 0. Во состојба сум да донесувам одлуки како и порано.
    1. Го одложувам донесувањето одлуки почесто отколку порано.
    2. Имам поголеми потешкотии во донесувањето одлуки отколку порано.
    3. Веќе воопшто не сум во состојба да донесувам одлуки.

14. 0. Не чуствувам дека изгледам полошо отколку порано.
    1. Загрижен/а сум дека изгледам старо или непривлечно.
    2. Чуствувам постојани промени во својот надворешен изглед кој ме прават непривлечен/на.
    3. Верувам дека сум грд/а.

15. 0. Можам да работам добро како и порано.
    1. Морам да вложувам посебен напор за да започнам нешто.
    2. Морам да вложам многу напор за да направам било што.
    3. Воопшто не сум во состојба да работам.

16. 0. Спијам добро како и вообичаено.
    1. Не спијам повеќе така добро.
    2. Се будам час два порано отколку вообичаено и тешко ми е повторно да заспијам.
    3. Се будам неколку часа порано отколку обично и веќе не сум во сотојба да заспијам.

17. 0. Не се заморувам повеќе од вообичаеното.
    1. Полесно се заморувам од порано.
    2. Ме заморува речиси се што работам.
    3. Премногу сум уморен/а за да правам било што.

18. 0. Апетитот не ми е послаб од вообичаено.
    1. Апетитот не ми е така добар како порано.
    2. Имам многу слаб апетит.
    3. Веќе немам воопшто апетит.

19. 0. Во последно време немам изгубено многу на тежина (или воопшто не сум изгубил/а).
    1. Изгубив повеќе од 2.5 кг.
    2. Изгубив повеќе од 5кг.
    3. Изгубив повеќе од 7,5кг.

20. 0. Не се грижам за своето здравје повеќе од вообичаено.
    1. Ме загрижуваат телесните симптоми како што се разни болки, лошо варење, запек.
    2. Многу ме загрижува мојата телесна состојба, така што ми е тешко да мислам на други работи.
    3. Толку многу ме загрижува мојата телесна состојба, што за ништо друго не размислувам.

21. 0. Не сум забележал/а дека во последно време помалку се интересирам за секс.
    1. Помалку сум заинтересиран/а за секс отколку порано.
    2. Многу помалку се интересирам за секс.
    3. Целосно изгубив интерес за секс.

Цунгова скала за анксиозност

	Воопшто не или сосем мал дел од времето	Некој дел од времето	Добар дел од времето	Речиси цело време
	1	2	3	4
1. Се чувствувам понервозно и понапнато од вообичаено				
2. Чувствувам страв без никаква причина				
3. Се вознемирувам лесно или чувствувам дека сум во паника				
4. Чувствувам како да се распаѓам и се делам на парчиња				
5. Чувствувам дека се е во ред и ништо лошо нема да се случи				
6. Рацете и нозете ми се тресат и треперат				
7. Ме мачат главоболки и болки во грбот и вратот				
8. Се чувствувам слабо и се изморувам лесно				
9. Се чувствувам смирено и можам лесно да седам мирно				
10. Можам да си го почуствувам срцето како ми чука брзо				
11. Ме вознемируваат вртоглавици				
12. Се онесвестувам или чувствувам дека ќе се онесвестам				
13. Можам да вдишам и да издишам лесно				
14. Не чувствувам осет или чувствувам трпки во прстите на рацете и нозете				
15. Ме мачат стомачни болки и лошо варење на храната				
16. Морам често да мокрам				
17. Рацете обично ми се топли и суви				
18. Лицето ми станува топло и ми се зацрвенува				
19. Заспивам лесно и навечер добро се отспивам				
20. Имам кошмари				

Скала за задоволство од животот

1. На повеќе начини мојот живот е блиску до моите идеали

1	2	3	4	5	6	7

2. Условите на мојот живот се одлични

1	2	3	4	5	6	7

3. Јас сум задоволен со мојот живот

1	2	3	4	5	6	7

4. Досега ги имам важните работи што јас ги сакам во мојот живот

1	2	3	4	5	6	7

5. Ако би можел/а повторно да го живеам мојот живот, не би променил/а скоро ништо

1	2	3	4	5	6	7

ПРИЛОГ - ФОРМУЛАР ЗА ИНФОРМИРАНА СОГЛАСНОСТ

Магистерски труд во изработка: Влијанието на религијата врз менталното здравје и квалитетот на живот кај адолесцентите

Вилма Методиева

Ве молам, внимателно да ја прочитате информацијата во текстот подолу, пред да донесете одлука дали да учествувате во ова истражување.

Оваа студија е во рамките на изработка на магистерски труд. Ве поканувам, со ваша лична одлука и желба, да се согласите Вашето дете да учествува во неа. Вашата согласност за учество на Вашето дете во студијата е доброволна и во секој момент може да се откаже од учеството и покрај согласноста.

Главна цел на овој труд е да се определи влијанието на религијата врз менталното здравје и квалитетот на животот кај адолесцентите. Подоброто разбирање на причините на оваа проблематика ќе помогне во креирање и развојот на соодветен план, стратегија и превенција на младите и подобрување на нивното ментално здравје и квалитет на живот.

Процедура: Доколку се согласите вашето дете да учествува во оваа студија, истото, ќе треба да пополни: Општ прашалник за пол, возраст и место на живеење, Прашалник за процена на религиозноста, Бекова скала за процена на депресијата, Цунгова скала за анксиозност и Скала за задоволство од животот. Времето на пополнување на прашалниците не е ограничено.

Вашите, и личните податоци на Вашето дете се анонимни и доверливи и ќе бидат користени само за целите на оваа студија.

По завршувањето на студијата, доколку сакате, ќе можете да добиете сознание за крајните резултати од истражувањето на Вашата електронска адреса.

Учеството во ова истражување е на доброволна основа.

Име и презиме_____

Потпис _____